Министерство за здравство
на Република Македонија

Институт за јавно здравје
на Република Македонија

Министерство за образование и
наука на Република Македонија

ИЗВЕШТАЈ

УПОТРЕБА НА ЦИГАРИ, АЛКОХОЛ, ДРОГИ КАЈ УЧИЛИШНАТА МЛАДИНА 2015 ГОДИНА

ЕСПАД ИСТРАЖУВАЊЕ

(European School Survey Project on Alcohol and Other Drugs)

ESPAD izvestaj suze.indd 1 07.10.2016 08:23:30

Издавач
Институт за јавно здравје на Република Македонија
Ул. 50 Дивизија 6, Скопје, РМ
Тел: +389 2 3 125 044
www.iph.mk

В.Д. Директор: Ас. д-р Шабан Мемети

Сектор за промоција, анализа и следење на незаразните болести

Проф. д-р Елена Ќосевска, специјалист по Социјална медицина, раководител на секторот
Главен и одговорен уредник, автор

М-р д-р Силвана Ончева, специјалист по Социјална медицина
Главен ЕСПАД истражувач во Република Македонија
Уредник и автор

Лектура
Ленче Даневска

Техничка изработка и дизајн
Сузана Дунгевска
Борче Андоновски

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

613.81/.84-057.87(497.7)"2015"

ЌОСЕВСКА, Елена
Употреба на цигари, алкохол, дроги кај училишната младина 2015 годишен извештај ЕСПАД истражување (European school survey project on alcohol and other drugs) / [Елена Ќосевска и Силвана Ончева]. - Скопје : Институт за јавно здравје на Република Македонија, 2016. - 88 стр. : табели ; 30 см

ISBN 978-608-235-035-6
1. Ончева, Силвана [автор] [уредник]
а) Употреба на цигари, алкохол и дроги - Училишна младина - Македонија - 2015 - Извештаи
COBISS.MK-ID 101704202

Преводот на овој извештај, на албански и англиски јазик, како и печатењето беа поддржани од проектот ЕМЦДДА-IPA5 2015 / 361-975 Дополнителна стручна подготовка на корисниците на ИПА за нивно учество во активностите со Европскиот мониторинг центар за дрога и зависности од дроги (EMCDDA).

Овој извештај беше подготвен со финансиска помош од Европската унија. Содржината на овој документ е единствена одговорност на "Институтот за јавно здравје на РМ" и во никој случај не може да се смета како одраз на ставовите на Европската Унија.

ИЗВЕШТАЈ

УПОТРЕБА НА ЦИГАРИ, АЛКОХОЛ, ДРОГИ КАЈ УЧИЛИШНАТА МЛАДИНА 2015 ГОДИНА

ЕСПАД ИСТРАЖУВАЊЕ

(European School Survey Project on Alcohol and Other Drugs)

ESPAD izvestaj suze.indd 3 07.10.2016 08:23:30

ESPAD izvestaj suze.indd 4 07.10.2016 08:23:31

Клучни наоди

Пушење цигари	
Пушење цигари во животот	38,4%
Пушење во последните 30 дена	24,2%
Алкохол	
Употреба на алкохол во животот	57,0%
Употреба на алкохол во последните 12 месеци	51,0%
Употреба на алкохол во последните 30 дена	38,0%
Никогаш не пиел алкохол во животот, Албанци	86,3%
Никогаш не пиел алкохол во животот, Македонци	18,8%
Употреба на повеќе алк. пијалаци во една прилика во последните 30 дена	26,0%
Енергетски пијалаци	
Употреба на енергетски пијалаци во животот	60,0%
Употреба на енергетски пијалаци во последните 12 месеци	43,3%
Употреба на енергетски пијалаци во последните 30 дена	29,5%
Седативи, транквилизери	
Употреба на седативи непрепишани од доктор, во животот	11,1%
Марихуана (канабис)	
Употреба на марихуана во животот	5,0%
Употреба на марихуана во последните 12 месеци	3,9%
Употреба на марихуана последните 30 дена	2,2%
Понудено да пробаат марихуана, но не зел/а	19,7%
Други психоактивни супстанции	
Употреба на екстази во животот	2,1%
Употреба на екстази во последните 12 месеци	1,7%
Употреба на инхаланти во животот	1,9%
Употреба на инхаланти во последните 12 месеци	1,4%
Употреба на амфетамин во животот	1,4%
Употреба на амфетамин во последните 12 месеци	1,4%
Употреба на кокаин во животот	1,5%
Употреба на кокаин во последните 12 месеци	1,2%
Употреба на крек во животот	0,9%
Употреба на крек во последните 12 месеци	0,9%
Употреба на хероин во животот	0,9%
Употреба на магични печурки во животот	0,6%

ESPAD izvestaj suze.indd 5 07.10.2016 08:23:36

Употреба на ГХБ (гама-хидрокси-бутират) во животот	0,7%
Употреба на анаболични стероиди во животот	0,6%
Употреба на дроги што се користат со шприц	0,8%
Употреба на алкохол со таблети за да бидеш „ХАЈ, во животот	2,1%
Употреба на аналгетици за да бидеш „ХАЈ, во животот	4,2%
Употреба на алкохол и аналгетици (истовремено) во животот	2,8%
Други индикатори	
Пријатели кои користат седативи (став на ученикот)	11,7%
Пријатели кои користат марихуана	16,3%
Пријатели кои користат екстази	6,3%
Пријатели кои користат инхаланти	5,5%
Активно занимавање со спорт	94,5%
Играње компјутерски игри	86,3%
Играње во спортска кладилница	10,2%
Излегување навечер најмалку еднаш неделно	41,0%
Излегување навечер речиси секој ден	22,2%
Коцкање за пари во последната година	13,6%

ESPAD izvestaj suze.indd 6 07.10.2016 08:23:41

Содржина

ШТО Е ЕСПАД? 9

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ 13

БЛАГОДАРНОСТ 15

РЕЗИМЕ 17

1. ВОВЕД 23

1.1. Историјат, ЕСПАД во Република Македонија 23
1.2. Основни демографски податоци 23
1.3. Психоактивни супстанции, резултати од претходни истражувања, постојна законска регулатива и стратешка основа 24
1.3.1. Пушење 24
1.3.2. Алкохол 26
1.3.3. Дроги 28

2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 31

3. ПРИМЕРОК И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 32

3.1. Одредување на примерокот 32
3.2. Инструмент-прашалник 33
3.3. Организација и спроведување на истражувањето 33
3.4. Обработка на податоците 35

4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И ДИСКУСИЈА 36

4.1. Општи податоци за испитниците 36
4.1.1. Полова дистрибуција 36
4.1.2. Етничка структура 36
4.1.3. Место на раѓање 37
4.1.4. Просечен успех 37
4.1.5. Семејство 37
4.1.6. Отсуство од настава 41
4.1.7. Хоби 42
4.1.8. Користење интернет 43
4.1.9. Коцкање 45
4.2. Употреба на психоактивни супстанци 46
4.2.1. Цигари 46

ESPAD izvestaj suze.indd 7 07.10.2016 08:23:41

4.2.2. Алкохол 51
4.2.3. Енергетски пијалоци 58
4.2.4. Седативи/транквилизери 59
4.2.5. Други психоактивни супстанции 60

4.3. Ставови во однос на ризик од употреба на супстанции 65

4.4. Споредба на добиените резултати од ЕСПАД истражувањето во Република Македонија со Европскиот просек во 2015 година 66

5. ЗАКЛУЧОЦИ 68

6. ПРЕПОРАКИ 71

АНЕКС 1. ПРОЕКТЕН ТИМ 72

АНЕКС 2: УЧИЛИШТА КОИ УЧЕСТВУВАА ВО ЕСПАД 2015 73

АНЕКС 3: АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК 75

ESPAD izvestaj suze.indd 8 07.10.2016 08:23:41

Што е ЕСПАД?

ЕСПАД (European School Survey Project on Alcohol and Other Drugs) е истражување кое се спроведува во најголемиот број држави во Европа на секои четири години, а во кое се вклучени ученици на возраст од 16 години.

Главна цел на ЕСПАД проектот е да се соберат споредливи податоци за користење алкохол, тутун и дроги помеѓу учениците од што е можно повеќе европски држави. Најважна долгорочна цел е да се следат трендовите на употреба на алкохол, тутун и дроги кај учениците во Европа и да се споредуваат трендовите помеѓу различни држави и групи држави.

Реализацијата на ЕСПАД истражувањето е поддржана од Помпиду групата при Советот на Европа, како и од ЕМЦДДА (Европски мониторинг центар за дроги и зависност од дроги). Координацијата на истражувањето на Европско ниво досега се вршеше од страна на ЦАН институтот (Шведски совет за информирање за алкохол и други дроги) .

ЕСПАД истражувањето беше организирано за прв пат во европските земји во 1995 година. Второто истражување беше реализирано во 1999 година, со учество на 30 држави од Европа, вклучувајќи ја и Република Македонија.

Досега во Република Македонија ЕСПАД истражувањето е спроведено четири пати и тоа во 1999 година, 2008, во 2012 (само на територијата на град Скопје) и во 2015 година.

Дополнителни информации за ЕСПАД истражувањето може да се добијат на www.espad.org.

ESPAD izvestaj suze.indd 9 07.10.2016 08:23:41

ESPAD izvestaj suze.indd 10 07.10.2016 08:23:41

Листа на табели и графикони

Табела 1.	Сериозност во пополнување на прашалникот (според проценка на истражувачот)	35
Табела 2.	Етничка и полова структура на учениците кои учествуваа во ЕСПАД истражувањето	36
Табела 3.	Место на раѓање на ученикот и неговите родители	37
Табела 4.	Степен на завршено образование кај родителите	38
Табела 5.	Степен на ситуираност на семејството	38
Табела 6.	Со кого живее ученикот?	38
Табела 7.	Ставови на учениците во однос на нивните родители и другари	39
Табела 8.	Ставови во однос на тоа колку родителите знаат каде нивните деца ги поминуваат саботните вечери	39
Табела 9.	Ставови во однос на поддршката/одобрувањето на пијанство и користење дроги од страна на мајката	40
Табела 10.	Ставови во однос на поддршката/одобрувањето на пијанство и користење дроги од страна на таткото	40
Табела 11.	Ставови во однос на користењето ПАС од страна на пријателите	41
Табела 12.	Денови кога се користел интернет	43
Табела 13.	Часови на користење интернет	43
Табела 14.	Активности на интернет	43
Табела 15.	Ставови во врска со социјалните медиуми	44
Табела 16.	Ставови во врска со користењето компјутер, таблет, смартфон за забава	44
Табела 17.	Честота на коцкање во последните 12 месеци	45
Табела 18.	Застапеност на коцкање	45
Табела 19.	Застапеност на коцкање преку интернет	46
Табела 20.	Набавка на цигари	46
Табела 21.	Пушење, полова дистрибуција, животна преваленција - 2015 година	48
Табела 22.	Пушеле во последниот месец, полова дистрибуција	49
Табела 23.	Број на дневно испушени цигари во текот на последниот месец според етничка структура	50
Табела 24.	Достапност на разни видови алкохол	52
Табела 25.	Користење алкохол во текот на животот (1999-2015 година)	52
Табела 26.	Ученици кои изјавиле дека никогаш не пиеле алкохол во животот, етничка структура, 2015	53
Табела 27.	Ученици кои изјавиле дека никогаш не пиеле алкохол во животот, етничка структура, за периодот 1999-2015 година	53
Табела 28.	Ученици кои не консумирале алкохол во последниот месец во 1999 и 2015 година	54
Табела 29.	Најчесто употребуван алкохол во последниот месец, 2015 година	54
Табела 30.	Последен ден кога пиел алкохол, 2015 година	54
Табела 31.	Скала на пијанство, последен ден кога пиеле алкохол	55
Табела 32.	Количество испиено пиво последниот ден кога пиел алкохол (од оние кои пиеле пиво последниот ден)	55
Табела 33.	Количество испиено вино последниот ден кога пиел алкохол (од оние кои пиеле вино последниот ден)	56
Табела 34.	Количество испиено жесток пијалак последниот ден кога пиел алкохол (од оние кои пиеле жесток пијалак последниот ден)	56
Табела 35.	Прекумерно опиени	56
Табела 36.	Проблематични искуства поврзани со пиење алкохол во последните 12 месеци	57
Табела 37.	Проблеми поврзани со опивањето на некој друг во последните 12 месеци	58

Табела 38.	Користеле енергетски пијалоци	58
Табела 39.	Користеле енергетски пијалаци заедно со алкохол	59
Табела 40.	Користени седативи препишани од доктор, 2008 и 2015 година	59
Табела 41.	Земале седативи непрепишани од доктор, 1999, 2008 и 2015 година	60
Табела 42.	Земале седативи непрепишани од доктор во текот на животот, етничка припадност	60
Табела 43.	Степен на тежина во обезбедување марихуана	61
Табела 44.	Користеле марихуана	61
Табела 45.	Етничка структура на учениците кои изјавиле дека земале марихуана во животот	61
Табела 46.	Возраст на прва употреба на марихуана	61
Табела 47.	Користеле марихуана, 1999, 2008 и 2015 година	62
Табела 48.	Користена дрога во текот на животот и во последните 12 месеци	62
Табела 49.	Употреба на инхаланти во текот на животот, последната година и последниот месец	63
Табела 50.	Употреба на дроги во текот на животот	64
Табела 51.	Споредбени резултати за вкупна употреба на дроги (животна преваленција) во 1999, 2008, 2012 (Скопје) и 2015 година (%)	64
Табела 52.	Ставови во врска со ризикот од употреба на супстанции	66
Табела 53.	Клучни резултати од ЕСПАД 2015 истражувањето во РМ и европскиот просек	67

Графикон 1.	Отсуство од настава во последниот месец	41
Графикон 2.	Хоби	42
Графикон 3.	Пушел во текот на животот	47
Графикон 4.	Искуство со пушење цигари	47
Графикон 5.	Преваленција на пушење, полова дистрибуција, 1999, 2008 и 2015 година	48
Графикон 6.	Пушел во последните 30 дена	49
Графикон 7.	Пушење цигари во последниот месец, во 1999, 2008 и 2015 година	50
Графикон 8.	Возраст на испушена прва цигара и секојдневно пушење	51
Графикон 9.	Консумирање на алкохол	52
Графикон 10.	Испил 5 или повеќе алкохолни пијалоци наеднаш последниот месец	55
Графикон 11.	Возраст на прво консумирање алкохол	57
Графикон 12.	Земал седативи непрепишани од доктор	59
Графикон 13.	Возраст кога за првпат е употребена ПАС	65

ESPAD izvestaj suze.indd 12 07.10.2016 08:23:41

Листа на кратенки

ЕМЦДДА	Европски мониторинг центар за дроги и зависности од дроги
ЕСПАД	Европски проект за истражувања во училиштата за алкохол и други дроги
ГХБ	Гама-хидрокси-бутерна киселина
ИЈЗ	Институт за јавно здравје
КДИ	Корисници на дроги кои инјектираат
ЛСД	Диетил амид на лизергичната киселина
НВО	Невладина организација
ПАС	Психоактивни супстанции
РМ	Република Македонија
УНДЦП	Програма за контрола на дроги на Обединетите нации
УНОПС	Организација за проектни услуги на Обединетите нации
ХБСЦ	Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст
ЦАН Институт	Шведски совет за информирање за алкохол и други дроги

ESPAD izvestaj suze.indd 14 07.10.2016 08:23:45

Благодарност

Институтот за јавно здравје на Република Македонија изразува благодарност до Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, кои дадоа согласност за реализација на истражувањето.

Посебна благодарност до центрите за јавно здравје низ Републиката за поддршката и логистичката помош што ја обезбедија околу теренската работа (контакти со училишта, персонал, транспорт).

Изразуваме благодарност до сите професионални лица кои се вклучија во реализацијата на ЕСПАД 2015 истражувањето.

Исто така изразуваме благодарност до персоналот на сите училишта кои го поддржаа спроведувањето на истражувањето и помогнаа во реализација на теренската работа, и до учениците кои активно учествуваа во истражувањето.

Благодарност до Шведски совет за информирање за алкохол и други дроги ЦАН – институтот од Шведска околу техничката помош и обработката на податоците, како и до Европски мониторинг центар за дроги и зависности од дроги (ЕМЦДДА) со чија помош се отпечати овој извештај.

ESPAD izvestaj suze.indd 16 07.10.2016 08:23:50

Резиме

Овој извештај се темели на резултатите од ЕСПАД истражувањето и обработува различни аспекти за легалните и илегалните дроги, како и некои дополнителни информации во однос на животот на учениците на 15-16-годишна возраст во Република Македонија (хоби, користење компјутери, интернет, коцкање, однос кон себе и кон родителите и другарите и др.). Студијата е реализирана од страна на Институтот за јавно здравје на Република Македонија во соработка со центрите за јавно здравје и НВО Контакт. Поддршка за реализација на истражувањето дадоа Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

Целта на истражувањето е да се обезбедат веродостојни податоци во однос на ставовите и однесувањето на младите во врска со легалните и илегалните дроги, со употреба на стандардизирани методологии, со што ќе се овозможи споредба на добиените податоци со податоците од ЕСПАД истражувањето спроведено во останатите европски држави, како и споредба со добиените податоци од претходните истражувања реализирани во Република Македонија. Студијата ќе претставува основа за креирање на идните јавноздравствени политики во заштита на здравјето на децата и младината во Република Македонија.

Истражувањето е спроведено во 82 средни училишта од вкупно 116 средни училишта на територијата на Република Македонија во 2015 година (70,6%), реализирано во 31 населено место, со учество на ученици од различен пол, како и различна етничка структура. Беа вклучени вкупно 4739 ученици од прва и втора година од средните училишта. Извештајот ги презентира резултатите добиени за 2430 ученици, родени во 1999 година, кои во 2015 година наполниле 16 години.

Примерокот е репрезентативен за целата држава. Примерочната рамка изнесува 91,5% од вкупниот број ученици родени во 1999 година кои посетуваат настава.

Користен е стандарден ЕСПАД прашалник, преведен на македонски и албански јазик, а истражувањето е спроведено користејќи стандардна методологија. Теренската работа се спроведе во училиштата во периодот март-мај 2015 година.

Статистичката обработка на податоците беше реализирана во програмите SPSS и Excel.

Резултати

1. Ставови во однос на родителите и другарите

Најчесто младите се задоволни од односот на родителите кон нив (укажаната грижа и поддршка од родителите), како и од нивните пријатели. Само 2,3% од учениците одговориле дека родителите најчесто не знаат каде се наоѓаат тие навечер, кога не

ESPAD izvestaj suze.indd 17 07.10.2016 08:23:50

се дома. Околу 2% од учениците сметаат дека на нивните родители воопшто не би им било грижа доколку користат психоактивни супстанции (ПАС) или се пијани од консумирање алкохол.

Младите сметаат дека 16,3% од нивните пријатели користат марихуана. Според учениците, 11,7% од нивните пријатели користат седативи, 6,3% користат екстази и 5,5% користат инхаланти.

2. Хоби

Шетањето со пријатели (вкупно 97%), активното занимавање со спорт (94,5%), играњето компјутерски игри (86,3%), користењето интернет (86,1%), како и излегувањето за забава (во диско, кафуле, на приватни забави) се најчесто хоби на учениците (86,2%). 10,2% од учениците се изјасниле дека играле во спортска кладилница или на слот машини.

Речиси секој ден учениците користат интернет (71,4% ученици), а 46,6% од ученици тоа го прават додека се шетаат со пријатели. 43,4% активно се занимаваат со спорт речиси секој ден, а компјутерски игри играат 28,9%.

Најмалку еднаш неделно учениците излегуваат навечер (во диско, кафуле) (41%), додека 22,2% излегуваат скоро секој ден.

Вкупно 84% од учениците користат интернет за време на викенд, додека 82,5% во работни денови. Најчесто интернетот се користи во траење од 2-3 часа дневно (22,6% за време на викенд и 25,7% во работни денови).

13,6% од учениците изјавиле дека се коцкале за пари во текот на последната година. Најчесто кога станува збор за коцкање се подразбира кладење во спортска кладилница (16,2% вкупно или кај 6,3% тоа се случува еднаш месечно), играње карти (10,8%), лотарија, бинго (10,3%) и играње на слот машини (4,7%).

2. Употреба на психоактивни супстанции

Цигари

38,4% од учениците се изјасниле дека пушеле цигари во животот. Меѓу нив е најзастапена групата ученици кои пушеле 1-2 пати во животот (14,7%). Повеќе од 40 пати пушеле 10,7% од учениците. Цигарите се повеќе застапени меѓу машките ученици, но постои тренд на зголемување на бројот на пушачи меѓу девојчињата.

Во споредба со претходните години, се намалува бројот на лица кои користеле цигари. Животната преваленција кај пушењето опаѓа, од 57,6% во 1999 година до 38,4% во 2015 година.

Се бележи значајно намалување на бројот на млади кои пушеле цигари повеќе од 40 пати во животот (од 20% во 1999 на 10,7% во 2015 година). 24,2% од учениците изјавиле дека пушеле во текот на последниот месец. Од нив 1,9% пушеле над 20

ESPAD izvestaj suze.indd 18 07.10.2016 08:23:50

цигари дневно. Во однос на претходните години, бројот на пушачи во последниот месец опаѓа.

Младите најчесто ја земаат првата цигара на возраст од 15 години (14,5%). На возраст од 14 години прв пат пробале цигара 8,2%, додека на 13-годишна возраст 4% од учениците. Сепак, како и во претходните години има и млади кои за прв пат пушеле на возраст под 9 години (4%).

Секојдневното пушење е застапено со 0,9% на возраст под 9 години и 12 години, 0,6% на возраст од 13 години, 2,1% на 14-годишна возраст и 5% на 15-годишна возраст.

Алкохол

Искуство со алкохол во животот имале 57% од учениците. 51% изјавиле дека пиеле алкохол последната година и 38% во текот на последниот месец. Животната преваленца на уУпотребата на алкохол бележи континуиран пад во споредба со резултатите добиени од претходните ЕСПАД истражувања во однос на животната преваленција (67,9% во 1999 година и 57% во 2015 година). Во последниот, пак, месец алкохол не консумирале 61,9% од учениците во 2015 година, за разлика од 1999 година кога се регистрирани 63,9%. Огромни разлики се забележуваат во однос на етничката структура на лицата кои воопшто не пиеле алкохол. Најголем е процентот на ученици Албанци кои изјавиле дека никогаш не пиеле алкохол во животот (86,3%), додека најмал е процентот кај Македонците (18,8%). Во споредба со претходните години, најголем пораст на бројот на лица кои не консумирале алкохол се бележи кај Ромите.

Резултатите за оние кои не пиеле во последниот месец се речиси идентични со претходните години. Во последниот месец, најчесто употребуван алкохол е пивото, консумирано од 36% ученици (35,9% во 1999 г., 40,6% во 2012 година). Во споредба со претходните години опаднат е процентот на ученици кои пиеле вино последниот месец (од 31,5% во 1999 г., 30,4% во 2012 г. и 28% во 2015 г.), додека стагнира процентот на ученици кои користеле жесток пијалак (29,7% од учениците во 1999 г., 27,2% во 2012 г. и 28% во 2015 г.).

Загрижува бројот на млади кои пиеле алкохол во текот на последната недела (24%).

Загрижува исто така и пиењето повеќе алкохолни пијалаци наеднаш (во една прилика) во текот на последниот месец, присутно кај 26% од учениците, од кои кај 2,1% тоа се случило повеќе од 10 пати во текот на месецот.

Енергетски пијалаци

Голем број млади користеле енергетски пијалаци: 60% животна преваленција; 43,3% во текот на последната година и значајни 29,5% во последниот месец.

Седативи

11,7% од учениците изјавиле дека користеле лекови за смирување препишани од доктор (9,5% за период покус од 3 недели и 2,2% за период подолг од 3 недели). 11,1% од

ESPAD izvestaj suze.indd 19 07.10.2016 08:23:50

учениците изјавиле дека користеле лекови за смирување непрепишани од доктор, од кои 8,9% користеле 1-5 пати во животот. Земањето седативи непрепишани од доктор бележи значаен пораст во споредба со претходните години кога е направено ЕСПАД истражувањето. Земањето седативи е повеќе застапено кај женските ученици (13,3%) во споредба со машките (8,7%).

Марихуана (хашиш, канабис, коноп)

Вкупно 5% од учениците одговориле дека користеле марихуана во текот на животот; 3,9% во текот на последната година и 2,2% во последниот месец. Најчесто е застапена групата кои пробале марихуана 1-2 пати. 19,7% од учениците изјавиле дека биле во ситуација да им биде понудено марихуана и да одбијат. Употребата на марихуана во однос на животната преваленција не бележи значајни промени (4,5% во 1999 година, 5,5% во 2008 и 5% во 2015 година). Во однос на употребата на марихуана во последните 30 дена, 1,3% се регистрирани во 1999 година и 2,2% во 2008 и во 2015 година.

Екстази

2,1% од учениците одговориле дека имаат користено екстази во текот на животот, од кои на 1,1% тоа им се случило 1-2 пати во животот. Во текот на последната година 1,7% од учениците изјавиле дека имаат користено екстази.

Инхаланти

Инхалантите се застапени со 1,9% (животна преваленција) и 1,4% во текот на последните 12 месеци, со најголема застапеност на учениците кои користеле инхаланти во 1-2 прилики.

Други видови ПАС

Бројот на ученици кои користеле други видови дроги во текот на животот се движи од 0,6% за магични печурки и анаболички стероиди, 0,9% за ЛСД и 0,9% за хероин.

Ако се споредат резултатите од ова ЕСПАД истражување со резултатите од претходните истражувања, употребата на хероинот, ЛСД, како и анаболичките стероиди е во стагнација. Пораст се бележи кај употребата на кокаин во периодот од 2008 до 2015 година (0,9% во 2008 и 1,5% во 2015 година), додека опаѓа бројот на лица кои пријавиле употреба на магични печурки (1,2% во 2008, 0,6% во 2015 година).

Загрижува сознанието дека 3,7% од учениците одговориле дека користеле нови супстанции кои го имитираат ефектот на илегалните дроги.

4. Возраст на прва употреба на психоактивни супстанции

Во однос на возраста на прва употреба на ПАС се забележува пораст, почнувајќи од 14 година, при што највисоки фреквенции се бележат на возраст од 15 години кај употребата на алкохол со таблети и амфетамин/метамфетамин.

ESPAD izvestaj suze.indd 20 07.10.2016 08:23:50

Заклучоци

Во однос на употребата ПАС, резултатите од ЕСПАД 2015 покажаа одреден пад во употребата на цигари и алкохол, како и стагнација во однос на употребата на најголемиот број илегални дроги, но со благ пораст на употреба на марихуана, кокаин и екстази. На пазарот се јавуваат и нови супстанции, кои ги користеле 3,7% од учениците. Употребата на седативи (без лекарски рецепт) е застапена со 11%, со особена доминантност кај женската популација и позитивен тренд во однос на резултатите од претходните истражувања, а сè почеста е употребата и на енергетски пијалаци.

Иако пушењето цигари е позастапено кај машките во споредба со женските ученици, евидентен е порастот на пушење цигари кај девојчињата. Сè почестата застапеност на ПАС кај девојчињата укажува на потребата од преземање специфични родово-сензитивни мерки и активности во иднина што ќе придонесат за стагнација или намалување на овој неповолен тренд.

Најголем број непушачи и лица кои не пробале алкохол се застапени кај Албанците, податок којшто сè уште можеби се должи на почитувањето и негувањето на традиционалните и културни обележја. Најчесто употребуван алкохол е пивото, а загрижува и пиењето повеќе алкохолни пијалаци во една прилика. Достапноста на пивото на пазарот и можноста за негово рекламирање се ризик-фактори кои треба да се имаат предвид при креирање на идните стратешки документи во кои ќе се планираат мерки и активности за зголемување на свесноста кај децата и младината за штетните последици од неконтролирана употреба на алкохол преку поголема информираност и едукација, особено во училиштата, на спортски и друг вид забавни настани и преку средствата за информирање.

Во идните стратешки документи кои се однесуваат на адолесцентното здравје неопходно е да се предвидат и мерки за превенција на новата зависност на децата од коцкање (10,2% од учениците се изјасниле дека играле во спортска кладилница или на слот машини, најчесто неколку пати годишно - 3,6%), што е недозволена појава со големи штетни последици воопшто како за семејството, така и за поширокаата заедница.

Ставовите на младите во однос на семејството говорат дека семејствата во најголем број се функционални. Младите во најголем процент добиваат доволно грижа и внимание од родителите; родителите најчесто знаат кај се нивните деца и со кого се. Но, студијата покажа дека постојат и родители кои не се грижат доволно за своите деца, па во поглед на воспитанието тие се повеќе препуштени на своите другари, потоа на социјалните мрежи и интернетот, имајќи го предвид податокот дека 1/5 од учесниците изјавиле дека користат интернет повеќе од 6 часа дневно, но и податокот дека 10,5% се изјасниле дека нивните родители делумно или воопшто не знаат каде одат тие во вечерните саботни часови.

ESPAD izvestaj suze.indd 21 07.10.2016 08:23:50

ESPAD izvestaj suze.indd 22 07.10.2016 08:23:50

1. ВОВЕД

Овој извештај се базира на резултатите од ЕСПАД истражувањето спроведено кај ученици на возраст од 16 години, во 82 државни средни училишта на територијата на Република Македонија. Истражувањето е реализирано во 2015 година од Институтот за јавно здравје на Република Македонија во соработка со центрите за јавно здравје и НВО Контакт.

Техничка помош беше обезбедена од Шведскиот совет за информирање за алкохол и други дроги (ЦАН).

Поддршка за реализација на истражувањето дадоа Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието.

1.1. Историјат, ЕСПАД во Република Македонија

Во Република Македонија ЕСПАД за прв пат беше реализиран во 1999 година во рамките на првиот заеднички проект на Програма за контрола на дроги на Обединетите нации/ Организација за проектни услуги на Обединетите нации (УНДЦП (United nations drug control program) /УНОПС (United nations office for project services) во државата: Зајакнување на капацитетите за контрола на дрогите во Република Макеоднија.

Второто истражување на територијата на Република Македонија беше организирано девет години подоцна, во 2008 година, од Здружението на граѓани „Контакт“, во соработка со Институтот за социјална медицина при Медицинскиот факултет во Скопје, а со финансиска поддршка на ЕМЦДДА, Фондацијата Отворено општество Македонија и Агенцијата за млади и спорт.

Во 2012 година истражувањето се спроведе само на територијата на главниот град Скопје, со финансиска поддршка на Град Скопје.

Во 2015 година истражувањето повторно се реализираше на територијата на целата држава, од Институтот за јавно здравје на Република Македонија во соработка со центрите за јавно здравје низ републиката и НВО „Контакт“.

1.2. Основни демографски податоци

Население

Според пописот на населението во 2002 година, проценетиот број жители во Република Македонија изнесувал 2.022.547, од кои 506.926 живеат во Скопје. Според проценатa на населението (состојба од 30.06.2014 година) извршена од Државниот завод за статистика, во Република Македонија имало 2.067.471 жители.[1]

1 Државен завод за статистика на РМ, http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=2

ESPAD izvestaj suze.indd 23 07.10.2016 08:23:50

Образование

Законот за измени и дополнувања на Законот за средно образование (усвоен во април 2007 година) регулира дека средното образование е задолжително за секое дете.

Согласно податоците од Државниот завод за статистика, во учебната 2014/2015 година имало 192.165 ученици во вкупно 986 основни училишта. Во истата учебна година во средното образование имало 83522 ученици во 116 средни училишта. Ученици на возраст од 16 години во Република Македонија имало 21.088 (додека 205 ученици биле во основното образование).[2]

1.3. Психоактивни супстанции, резултати од претходни истражувања, постојна законска регулатива и стратешка основа

1.3.1. Пушење

Пушењето цигари претставува еден од најважните ризик-фактори за нарушување на здравјето на голем сегмент од популацијата. Тоа претставува причина за нарушено здравје и предвремена смрт кај многу луѓе.

Република Македонија е земја со долгорочна традиција во производство на добар квалитет на тутунот, како и потрошувачка на тутунски производи.

Резултати од претходни истражувања во врска со пушењето во Република Македонија

Глобалното истражување за употреба на тутун кај младите во Република Македонија (РМ) во 2002 окажа дека 1 од 5 (23,6%) од сите ученици (на возраст од 13-15 години) некогаш во животот пушеле цигари. Не постоела сигнификантна разлика меѓу машките (26.3%) и женските (21.0%) ученици. Еден од пет (20%) од овие ученици прв пат почнале да пушат на возраст помала од 10 години: 7,7% биле сегашни пушачи на цигари (пушеле барем еднаш во претходните 30 дена), без сигнификантна разлика според пол и регион, и 89,1% пушеле фабрички произведени цигари. 90% од оние кои никогаш не пушеле, како и сегашните пушачи биле експонирани на чад од цигари во нивните домови. 63,8% од сегашните пушачи биле експонирани на чад од цигари од страна на нивните најдобри пријатели во нивните домови, повеќе од двојно од оние кои никогаш не пушеле (14,7%). Не постоела значајна разлика

2 Државен завод за статистика на РМ.Основни и средни училишта на почетокот на учебната 2014/2015 година http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.06.pdf

ESPAD izvestaj suze.indd 24 07.10.2016 08:23:51

според пол и регион. Исто така, 77,9% од оние кои никогаш не пушеле и 85,2% од сегашните пушачи биле експонирани на чад од цигари на јавни места.

Податоците од **2008 година** покажуваат дека 9,8% од учениците во моментот пушеле цигари. Дваесет и шест проценти некогаш пушеле во 2008 година. Најважно е дека преваленцијата на пушење меѓу женските ученици се зголемила од 6,8 на 9,8%. Приближно 5% од нив се секојдневни пушачи. Бројот на сегашни пушачи е највисок во Скопје (13,6%), а најнизок во руралните подрачја (6,8%). 16,3% од учениците започнале да пушат под 10- годишна возраст, во споредба со 20% во 2002 година. Повеќе од 2/3 од учениците се изложени на чад од цигари во нивните домови и 66% на јавни места. 86,4% од учениците во сите региони сметале дека пушењето треба да се забрани на сите јавни места.[3]

Глобалното истражување за здравје на адолесцентите реализирано во 2007/2008 година покажа дека 10,5% од учениците пушеле цигари во последните 30 дена.[4]

ИЈЗ во **2016 година** со поддршка на СЗО го спроведе **Глобалното истражување за употреба на тутун/цигари кај младите**, со ученици од 8, односно 9 одделение од основните училишта и прва година од средното образование (на возраст од 13, 14 и 15 години). Резултатите говорат дека во моментот 10,9% од учениците користат тутун (13,1% кај машките и 8,4% кај женските ученици). Цигари пушат 7,6% од учениците во моментот на истражувањето (9% машки и 6,1% женски). Животната преваленција на употреба на цигари изнесува 23,8% (25,6% кај машките и 22% кај женските ученици).

Пушачите цигарите ги купуваат сами во продавница (73,9%), а 78,2% не биле спречени да купат цигари во продавница.

Електронски цигари користеле 3,9% од учениците (5,7% машки и 1,9% женски). Од пушачите, 63,8% се обиделе да престанат да пушат во последната година, додека 54,5% сакаат да престанат да пушат сега. 82,1% сметаат дека би можеле да престанат да пушат без проблемдоколку се одлучат тоа да го сторат.

46,2% од учениците биле изложени на чад од цигара во домот, а 47,4% на јавно место. 59,7% од учениците виделе како некој друг пуши во и околу училиштето.[5]

Според Студијата за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (ХБСЦ- Health behavior in school-aged children) реализирана во 2013/2014 година во РМ, 7% од девојчињата и 12% од момчињата на возраст од 15 години ја земале првата цигара на возраст под 13 години.[6] 9% од девојчињата и 11% од момчињата на истата возраст користат цигара барем еднаш неделно.

3 Министерство за здравство и Институт за јавно здравје. Глобално истражување за употреба на тутун кај младите во РМ. 2010

4 Републички завод за здравствена заштита. Глобално истражување за здравјето на адолесцентите во РМ 2007-2008

5 Институт за јавно здравје на РМ. Global youth tobacco survey Fact sheet, R. Macedonia, 2016

6 HBSC: Growing up unequal: gender and socioeconomic differences in young people's health and well-being. International report from the 2013/2014 survey

ESPAD izvestaj suze.indd 25 07.10.2016 08:23:51

Законска регулатива, стратешки документи

Законот за заштита од пушењето е донесен во 1995 година, додека Законот за тутун е донесен во 1996 година. Измени и дополнувања на Законот за заштита од пушењето се направени во периодот 2004-2013 година. Се забранува пушењето во јавни простории вклучувајќи и работна средина. Законот за акцизите (2001) и Законот за безбедност и безбедноста на производите за храна (2002), Законот за трговија (2004) исто така го регулираат пушењето.

Националната стратегија за контрола на тутунот за обезбедување на здравствена промоција и заштита на населението 2005-2010 беше усвоена во 2004. Проектот за јавно здравство за градење на капацитети за зајакнување на контролата на тутунот во Југоисточна Европа започна да се имплементира во 2005 година, додека во 2006 година Македонија ја потпиша Рамковната конвенција на СЗО за контрола на тутунот. Македонија го потпиша и Протоколот за елиминирање на недозволена трговија со тутунски производи.

1.3.2. Алкохол

Злоупотребата на алкохолот влијае на здравјето на луѓето кои користат алкохол, но влијае и на семејството, и генерира трошоци во здравствената заштита.

Алкохолот е поврзан со многу социјални и развојни прашања, како насилството, злоупотреба на деца и отсуство од работното место.

Епидемиолошки податоци и податоци од претходни истражувања

Се смета дека во Македонија употребата на алкохол изнесува од 5-7,4 литри по жител. [7]

Во Македонија се проценува дека над 60.000 луѓе се алкохоличари, а 300.000 имаат проблеми со алкохолот и покажуваат знаци на алкохолна болест.[8]

Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата во соработка со АМСМ реализирал проект насловен „Пијани очила” во пет средни училишта на територијата на град Скопје. Целта на овој проект е да се предупредат младите за опасностите од употребата на алкохол и истовремено управување со моторно возило.[9]

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2011 година имало 238 повредени во сообраќајни несреќи во кои е вклучено едно или повеќе лица под

7 http://grid.mk/read/news/507649886/7348449/

8 Институт за јавно здравје на РМ. Информација за менталното здравје во РМ 2005-2014 година. 2015

9 http://rsbsp.org.mk/sites/rsbsp.org.mk/files/izvestaj_za_rabota_na_rsbsp_za_2014_def.pdf

ESPAD izvestaj suze.indd 26 07.10.2016 08:23:51

дејство на алкохол, како и 214 лица- пешаци и возачи под дејство на алкохол, учесници во несреќите. [10]

Првиот контакт на децата со алкохолот се случува многу рано. Околу 9% од учениците до 6-годишна возраст веќе го имале својот прв контакт со алкохолот во семејството.[11]

Според **Студијата за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (ХБСЦ)** спроведена во 2012 година, 27% од момчињата и 15% од девојчињата (кои слушаат настава на македонски јазик), како и 6% од момчињата (на албански јазик) на возраст од 15 години изјавиле дека пиеле алкохол во последните 7 дена. Резултатите од студијата покажуваат дека учениците во Република Македонија рано почнуваат со пиење алкохолни пијалаци и постои прогресивно зголемување на процентот на ученици кои се опијаниле напоредно со возраста, со значајна разлика според етничката припадност.[12]

Овие состојби се слични на состојбите од **Глобалното истражување за здравјето на адолесцентите - ГИЗА** (Global School-based Health Surveillance System) од 2007/2008 година во Македонија. Имено, со таа студија се покажа преваленција на употребата на алкохол од 39,4%, при што момчињата (44,2%) почесто пријавиле конусмирање алкохол од девојчињата (34,6%).

Во ХБСЦ 2013/2014 се наведува дека:

- 9% од женските и 18% од машките ученици на возраст од 15 години користеле алкохол барем еднаш неделно,
- прво пијанство на возраст под 13 години имале 2% од женските и 6% од машките ученици на возраст од 15 години,
- 8% од женските и 15% од машките на возраст од 15 години биле пијани барем 2 пати во животот.

Податоците од **ЕСПАД** истражувањето реализирано со ученици на возраст од 16 години на територијата на град Скопје во 2012 година покажуваат дека:

- Вкупно 59,8% од учениците изјавиле дека пиеле алкохол во животот. Постои сигнификантна разлика меѓу учениците Македонци и Албанци во однос на немањето искуство со алкохол (19% кај Македонците и 73% кај Албанците).
- 38% од учениците пиеле алкохол во последниот месец. Од нив 86% биле Македонци, додека само 2,7% Албанци.
- Загрижува бројот на млади кои пиеле алкохол во последната недела (23%).
- Една четвртина ученици во последниот месец консумирале над 5 пијалаци во една прилика, и тоа 1-5 пати во текот на месецот. 9% од учениците биле пијани во последниот месец.

10 (http://www.stat.gov.mk/Publikacii/8.4.12.03.pdf)

11 Министерство за здравство. Стратегија за превенција и контрола на штетните последици од употреба на алкохол врз здравјето на анселението во РМ 2015-2025

12 Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (ХБСЦ), 2013

ESPAD izvestaj suze.indd 27 07.10.2016 08:23:51

Законска регулатива, стратешки документи

Постојат повеќе закони и подзаконски акти поврзани со употребата на алкохол: Законот за безбедност во патниот сообраќај, Законот за акцизи, Законот за забрането продавање алкохол и цигари на малолетници, Законот за здравствена заштита, Законот за работни односи итн.

Купувањето алкохол од страна на лица помлади од18 години е забрането од 2008 година. Владата забрани купување алкохол за сите граѓани од продавниците по 19:00 часот. Според Законот за продажба на алкохолни пијалаци на Република Македонија, од 1 мај до 30 септември граѓаните можат да купат алкохол до 21 часот.

Министерството за здравство на Република Македонија во 2007 година донесе „Стратегија за намалување на штетните последици од злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението во Република Македонија 2008-2012 година".

Стратегијата за превенција и контрола на штетните последици од употреба и злоупотреба на алкохол врз здравјето на населението во РМ (2015-2025) ги предвидува следните приоритетни области:

- Заштита на младите, жените, децата и фетусот
- Намалување на повредите и смртните случаи од сообраќајни несреќи поврзани со злоупотреба на алкохол
- Превенирање на штетата од злоупотреба на алкохол кај возрасното население и намалување на негативното влијание на работното место
- Информирање, образование и зголемување на свесноста за штетното влијание на злоупотребата на алкохол и на штетните начини на консумација
- Развивање, поддршка и одржување на единствена евиденција релевантна за следење на состојбата во областа на заштита од злоупотреба на алкохолот.

1.3.3. Дроги

Епидемиолошки податоци во врска со употребата на дроги

Во 1969 година Министерството за внатрешни работи (МВР) го регистрира првиот корисник на дроги.[13] Почнувајќи од 1990 година РМ се соочува со значаен пораст на бројот на регистрирани корисници на дроги. Според МВР, во периодот од 1990 година до 2007 година, бројот на регистрирани корисници на дроги се зголемува за повеќе од 25 пати (од 314 на 8.345), а само во 2013 година се регистрирани 621 нов корисник на дроги.[14]

13 http://www.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=4946&mid=734&tabId=65&tabindex=2.
14 http://www.mvr.gov.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=617.

ESPAD izvestaj suze.indd 28 07.10.2016 08:23:51

Во 2010 година во неколку градови во Македонија беше направена студија за проценка на големината на популацијата корисници на дроги, според која бројот на лица кои инјектираат дроги изнесува 10200 (најчесто се инјектираат опијати). Користејќи ја Делфи методата добиени се резултати за корисници на дроги кои инјектираат (КДИ) во Скопје од 3600 корисници (3200-4000).

Во Македонија околу 95% од корисниците на хероин инјектираат, а инјектирањето на хероин значително го зголемува ризикот за трансмисија на ХИВ, хепатитис Б и Ц, како и други крвнопреносливи инфекции.[15] Просечната возраст при првото инјектирање изнесува 20,4 години (опсег од 10 до 40 години), што е неизменета вредност во однос на 2009 година (20,6 години). Со инјектирање дроги на возраст под 15 години започнале 4,0% од КДИ (5,1% во 2009 година).[16]

Во 2012 година имало 1258 пациенти на супституциска терапија (метадон), додека со бупренорфин биле третирани 214 лица во 2011 година. Во 2011 година имало 14 смртни случаи поврзани со употреба на дроги. Најчесто застапена возраст кај овие лица била од 25-29 години (35,7%). Во 2012 година имало 18 смртни случаи поврзани со дрога, од кои најмладиот бил на возраст од 17 години. 33,7% од затворениците во 2011 година биле корисници на дроги. [17]

Здружението на граѓани ХОПС - Опции за здрав живот Скопје известува дека на Клиниката за токсикологија во периодот 2001- 2005 година од вкупно 1436 интервенции при

предозирање, 606 или 42,2% се интервенции кај деца, односно деца на возраст помала од 18 години. Во периодот јануари 2005 – април 2012 година, на Одделот за деца и адолесценти при Универзитетската клиника за психијатрија во Скопје биле хоспитализирани вкупно 38 млади лица кај кои имало коморбидна употреба на дроги. 22 од нив биле малолетни лица, а 16 биле на возраст од 18 години. Од нив 15, односно 39% биле од женски пол. Во периодот од 1999-2013 година, во базата на податоци на ХОПС има евидентирано 44 лица кои во времето на првиот контакт имале под 18 години.[18]

Глобалното истражување за здравје на адолесцентите реализирано во 2007/2008 година покажа дека животната преваленција на употребата на марихуана изнесувала 3%. 1,8% од учениците на возраст од 13-15 години користеле дрога во текот на животот.

Според ХБСЦ 2013/2014, 3% од женските и 4% од машките ученици пријавиле користење марихуана во текот на животот. Во последните 30 дена марихуана

15 Research project for risk behaviour, PHARE_DDR, 1999.

16 Министерство за здравство. Извештај од биобихевиоралното истражување кај лица кои инјектираат дроги во Македонија, 2014:13

17 EMCDDA. National report The Former Yugoslav Republic of Macedonia, 2014. http://www.emcdda.europa.eu/publications/country-overviews/mk#gps

18 Деков В, Игњатова Л. Водич за третман и грижа на децата кои употребуваат дроги. ХОПС, 2014:9-11

ESPAD izvestaj suze.indd 29 07.10.2016 08:23:51

користеле 1% од женските и 3% од машките ученици на возраст од 15 години (додека европскиот просек изнесувал 6% за женски и 9% за машки ученици или вкупно 7%).

Законска регулатива, стратешки документи

Во РМ во повеќе закони и подзаконски акти се опфатени дрогите;такви се: Законот за производство и трговија со наркотични дроги, Законот за прекурсори, Криминалниот законик, Законот за извршување на сакнции итн.

Во август 2008 година Владата го усвои Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.

РМ има ратификувано повеќе меѓународни конвенции: Конвенција за наркотични дроги на ООН, Конвенција за психотропни супстанции, Конвенција против илегална трговија со наркотични дроги и психотропни супстанции итн. [19]

Во 1998 година Владата на РМ формираше Државна интерсекторска комисија за борба против илегална трговија и злоупотреба на дроги. Основната цел на оваа комисија беше да се мобилизираат сите ресурси и капацитети во државата за борба против дрогите.

На крајот на 2006 година Владата на РМ ја усвои Националната стратегија за дроги, додека акцискиот план беше донесен во 2007 година.

Во 2008 година Советот на Град Скопје ја усвои првата Локална стратегија за дроги на Град Скопје за периодот 2008-2013 година, заедно со локалниот акциски план. Во тек е имплементацијата на Локалната стратегија за дроги на Град Скопје за периодот 2015-2020 година со акцискиот план за 2015/2016 година.

19 EMCDDA, National Report on narcotic drugs, Macedonia, 2014

ESPAD izvestaj suze.indd 30 07.10.2016 08:23:51

2. ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на истражувањето е да се обезбедат веродостојни податоци во однос на ставовите и однесувањето на младите во врска со легалните и илегалните дроги, со употреба на стандардизирани методологии со што ќе се овозможи споредба на добиените податоци со податоците од ЕСПАД истражувањето спроведено во претходните години (1999, 2008, 2012), како и со податоците од останатите европски држави. Резултатите елаборирани во овој извештај ќе послужат како значајна основа за проценка на трендовите на употреба на дроги кај младите, како и за развој на насоки за планирање на идни интервенции во областа на примарната превенција на употребата на дроги, со цел намалување на зависностите кај младата популација.

Извештајот содржи информации во однос на ставовите и однесувањето на 15-16-годишни ученици од повеќе средни училишта, обработува различни аспекти на земањето дроги, како и некои дополнителни информации во однос на животот на учениците (хоби, употреба на компјутери, самоперцепција и односот со родителите и другарите).

ESPAD izvestaj suze.indd 31 07.10.2016 08:23:51

3. ПРИМЕРОК И МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Согласно инструкциите за ЕСПАД, примерокот треба да се состои од случајно избрани класови кои заедно сочинуваат репрезентативен примерок на ученици.

3.1. Одредување на примерокот

Во РМ во учебната 2014/2015 година имало 116 средни училишта. Приватни училишта биле 14, додека2 училишта биле верски и 4 специјални училишта.Во прва година наставата ја следеле 20700 ученици во 880 паралелки во редовните училишта, додека во втора година наставата ја следеле 21308 ученици во 883 паралелки.[20]

Според податоците на Министерството за образование и наука, 70,7% од учениците во прва и втора учебна година наставата ја следеле на македонски јазик, 27% на албански и 2,4% на турски јазик.

Во истражувањето беа вклучени само државните училишта. Училиштата за деца со посебни потреби и училиштата за дополнително образование не беа земени предвид во истражувањето (согласно препораките на ЦАН институтот). Исто така религиозните и приватните училишта не беа опфатени со истражувањето.

Истражувањето беше спроведено со користење на стандардизирана методологија. Беше користен стандарден инструмент (анкетен прашалник) со цел да се обезбедат споредливи податоци.

Листа на средни училишта со контакт детали беше обезбедена од официјалната веб страница на Министерството за образование и наука. Беше обезбедена согласност за реализација на истражувањето од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, во соработка со Министерството за здравство.

До сите училишта беше доставен прашалник во којшто се бараа податоци за бројот на класови, вкупниот број ученици во прва и втора учебна година и број на ученици кои во текот на годината полнат 16 години.

Примерокот беше формиран врз база на расположивите податоци. Селекцијата на класовите беше направена по случаен избор (рандомизиран).

Вкупниот број ученици родени во 1999 година кои посетувале настава во учебната 2014/2015 година изнесувал 21629 (вклучувајќи ги и учениците во специјалните училишта, односно 21489 (без учениците во специјалните училишта), што изнесува

20 Државен завод за статистика. Статистички преглед: Население и социјални статистики. Основни и средни училишта на почетокот на учебната 2014/2015 година

ESPAD izvestaj suze.indd 32 07.10.2016 08:23:51

78,7% од вкупниот број родени деца во 1999 година. Во трета и четврта учебна година нема ученици родени во 1999 година, додека мал број ученици се застапени во основните училишта.

Примерочната рамка изнесува 91,5% од вкупниот број ученици родени во 1999 година кои посетуваат настава (во прва и втора учебна година).

Примерокот е репрезентативен со оглед на фактот дека учествуваа 82 од вкупно 116 средни училишта на територијата на РМ, во 31 населени места, со учество на 4739 ученици од прва и втора година, од различен пол, како и различна етничка структура.

Согласно пропосите за ЕСПАД истражувањето минималниот број ученици родени во 1999 година, учесници во анкетирањето, треба да изнесува 2400 ученици. Извештајот ги презентира резултатите добиени за 2430 ученици од прва и втора година на возраст од 15-16 години.

3.2. Инструмент-прашалник

Во истражувањето беше користен стандарден ЕСПАД прашалник. Тој се состои од основен пакет на прашања (што задолжително треба да бидат опфатени во сите држави), модулни и опциски прашања.

Во РМ беше вклучено дополнително прашање за да се одреди етничкиот состав на учесниците во истражувањето.

Во подготвителниот период прашалникот беше преведен од англиски на македонски и албански јазик, и обратно. Прашалникот беше достапен на македонски и албански јазик.

Во неколку класови беше извршено и пилот-тестирање на македонски и албански јазик. Некои забелешки за одредени (културно сензитивни) прашања беа дискутирани и прашањата беа соодветно адаптирани.

Во тек на истражувањето беше утврдено дека некои ученици немаа знаење за одредени видови дроги (најчесто прашуваа што е амфетамин), а некои прашуваа што значи да си депресивен и што е наргиле.

3.3. Организација и спроведување на истражувањето

Во согласност со препораките на ЕСПАД истражувањето во училиштата требаше да биде спроведено во месеците март и април со цел да се овозможи споредливост на податоците.

Собирањето на податоците беше направено целосно анонимно (не требаше да се стави името и презимето на ученикот кој го пополнувал прашалникот, ниту каков и да еподаток кој би го открил идентитетот на лицето).

ESPAD izvestaj suze.indd 33 07.10.2016 08:23:52

Прашалниците беа најчесто доставувани до истражувачот од страна на еден ученик кој ги собираше сите одговорени прашалници од класот.

Пред истражувањето, откако беа отпечатени прашалниците, беше организирана еднодневна обука за сите истражувачи. Посебно внимание беше посветено на најчесто поставуваните прашања и проблемите со кои би можеле да се соочат истражувачите во текот на работата.

Дополнително, беше доставено писмо до училиштата кои требаше да бидат вклучени во истражувањето, со податоци за ЕСПАД истражувањето и процедурите (инструкции околу начинот на избор на класовите, методологијата, како и барање да се информира советот на родители за истражувањето-поради малолетноста на учениците, како и времето кога се планира да се реализира истражувањето).

Истражувањето беше спроведено во селектираните класови со учество на сите присутни ученици во класовите, согласно ЕСПАД правилата (и покрај тоа што учениците беа на различна возраст).

Истражувачи беа стручни лица од ИЈЗ и центрите за јавно здравје низ Републиката. Истражувачите имаа претходно искуство во реализација на слични истражувања.

Истражувачите ги контактираа назначените контакт лица во училиштата (најчесто психолог, педагог или наставник, директор), закажуваа состанок и заедно го планираа времето за реализација на истражувањето.

Процедурата се состоеше во тоа што истражувачот го информираше наставникот, истражувачот и наставникот влегуваа заедно во класот, наставникот го претставуваше истражувачот и потоа го напушташе класот.

Истражувачот им ги презентираше инструкциите на учениците и на крајот, по пополнувањето на прашалниците, сите пополнети прашалници беа собрани.

Процесот на реализација на истражувањето во училиштата (теренската работа-собирањето на податоци) беше реализирано во периодот март-мај 2015 година.

Во текот на прибирањето податоци, немаше никакви проблеми во комуникацијата со вработените во училиштата. Речиси сите училишта и класови беа расположени да се спроведе истражувањето.

Директорите на две училишта од Кочани не дозволија да се спроведе истражувањето.

На одговорните во училиштата им беше кажано, доколку е потребно, да се побара согласност од родителите за учество на нивните деца во истражувањето. Од извештаите на класовите е добиен податок дека кај 45% од класовите е побарана согласност од родителите (родителски совет). Само во еден клас имало неколку ученици кои не добиле согласност од родителите за учество во исражувањето.

Најчестите реакции од учениците беа дека прашалникот е премногу обемен. За одреден број ученици еден просечен школски час беше недоволен да го пополнат прашалникот.

ESPAD izvestaj suze.indd 34 07.10.2016 08:23:52

Добиените извештаи од класовите говорат дека во просек најбрзо се одговара прашалникот за 25,6 минути, а најбавно за за 42,9 минути.

Во најголемиот број случаи постоеше голем интерес и учениците сериозно работеа на пополнување на прашалникот. Само во 2% од класовите помалку од половината ученици сериозно го пополнувале прашалникот.

Табела 1. Сериозност во пополнување на прашалникот (според проценка на истражувачот)

Да, сите	49,5%
Речиси сите	36,1%
Поголемиот дел ученици	8,9%
Околу половината	3,5%
Помалку од половината	2,0%
Речиси никој од нив	0%

За време на пополнување на прашалникот не е забележана вознемиреност во 80,7% од класовите, во 16,8% од класовите немир е забележан од неколку ученици, во 1,5% имало немир од помалку од половината ученици и во 0,5% класови имало немир од околу половината ученици во класот.

3.4. Обработка на податоците

Пополнетите прашалници податоци и прашалниците беа вратени во ИЈЗ.

Дополнителна обука беше организирана за статистичарите и им беа поделени прашалниците за обработка.

Сите прашалници беа прегледани од главниот истражувач. Кодови беа ставени на насловната страница на секој пополнет прашалник од учениците. Формулар за внесување на податоци беше изготвен во Excel програмата. Проверката на одговорите беше направена преку филтрирање на податоците. Сетот на податоци беше пренесен во SPSS статистичката програма и беше доставен до ЦАН институтот во Шведска за централно, унифицирано прочистување на податоците. Прочистената база на податоци беше доставена до ИЈЗ, каде понатаму се обработуваа резултатите.

ESPAD izvestaj suze.indd 35 07.10.2016 08:23:52

4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И ДИСКУСИЈА

Истражувањето се реализираше во 31 населено место, и тоа во: Берово, Битола, Богданци, Дебар, Делчево, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Липково, Македонска Каменица, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, с. Неготино, Скопје, Струга, Струмица, Свети Николе, Тетово, Валандово, Велес и Штип.

Истражувањето беше спроведено во 82 од вкупно 85 планирани средни училишта во примерокот. Беа опфатени 222 класови од прва и втора година. Вкупно 4739 ученици од прва и втора година беа анкетирани (од кои 2257 машки и 2365 женски ученици; 117 не обележале пол). 449 ученици биле отсутни на часот (8,7% од вкупниот број ученици во класот).

Извештајот ги презентира резултатите од вкупно 2430 ученици родени во 1999 година на возраст од 15-16 години, односно оние кои во 2015 година полнат 16 години.

4.1. Општи податоци за испитниците

4.1.1. Полова дистрибуција

Во истражувањето учествуваа 1181 машки (48,6%) и 1249 женски ученици (51,4%).

4.1.2. Етничка структура

Во истражувањето учествуваа 60,2% Македонци, 30,9% Албанци, 4,4% Турци, додека припадниците на останатите етнички групи беа застапени под 1,5%.

Табела 2. Етничка и полова структура на учениците кои учествуваа во ЕСПАД истражувањето

	%	женски	машки
Македонец/ка	60,2%	51,4%	48,6%
Албанец/ка	30,9%	51,3%	48,7%
Турчин/ка	4,4%	52,3%	47,7%
Србин/ка	1,4%	47,1%	52,9%
Бошњак/чка	1,1%	55,6%	44,4%
Хрват/ка	0,1%	100,0%	0,0%
Ром/ка	1,3%	53,1%	46,9%
Друго	0,5%	41,7%	58,3%

ESPAD izvestaj suze.indd 36 07.10.2016 08:23:52

4.1.3. Место на раѓање

96,2% од учениците се родени во Република Македонија, додека околу 2% од учениците се родени во друга европска држава или друга држава надвор од Европа. Над 3% од родителите се од другите републики во поранешна Југославија, но и од другите држави во регионот (пр. 2% од мајките и 1,1% од татковците се од Албанија).

Табела 3. Место на раѓање на ученикот и неговите родители

	Македонија	Друга држава од поранешна Југославија	Албанија	Друга држава во регионот	Друга Европска држава	Друга држава надвор од Европа
Ученик	96,2%	0,8%	0,7%	0,3%	1,1%	0,8%
Мајка	91,5%	3,3%	2,0%	1,0%	1,7%	0,5%
Татко	93,3%	3,2%	1,1%	0,6%	1,3%	0,4%

4.1.4. Просечен успех

Просечниот успех на анкетираните ученици за претходната учебна година бил одличен кај 45%, многу добар кај 30,1%, добар кај 20,9% и доволен кај 3,9% од учениците.

4.1.5. Семејство

Степен на завршено образование на родителите

Најчесто родителите на учениците имаат завршено средно училиште (46% од татковците и 42% од мајките), потоа следи високото образование што го завршиле над 18% од родителите, како и основното образование (14% од татковците и 18% од мајките).

ESPAD izvestaj suze.indd 37 07.10.2016 08:23:52

Табела 4. Степен на завршено образование кај родителите

	таткото	мајката
Завршено основно училиште или помалку	14,2%	18,4%
Делумно (една или неколку години од) средно училиште	7,2%	7,5%
Завршено средно училиште	46,1%	42,0%
Делумно колеџ или факултет	8,5%	7,6%
Завршен колеџ или факултет	18,1%	18,7%
Не знам	5,0%	5,2%
Не е применливо (не може вака да се изрази)	1,0%	0,6%

Перцепција за ситуираност на семејството

Најголем процент од учениците (64%) смета дека нивното семејство е речиси исто ситуирано како и другите семејства. Повеќе преовладуваат ставовите дека нивното семејство е побогато од другите семејства.

Табела 5. Степен на ситуираност на семејството

Многу побогато	5,2%
Значајно побогато	6,4%
Побогато	16,3%
Речиси исто	64,0%
Посиромашно	6,5%
Значајно посиромашно	0,9%
Многу посиромашно	0,6%

Со кого живеат учениците?

Најчесто учениците живеат со мајка (88,5%), татко (86,4%), брат/сестра (над 50%) и дедо/баба (39,4%). 3,6% од учениците се изјасниле дека живеат сами.

Табела 6. Со кого живее ученикот?

сам	татко	очув	мајка	маќеа	брат	сестра	дедо/баба	друг роднина	друг
3,6%	86,4%	1,4%	88,5%	1,2%	53,8%	51,7%	39,4%	6,5%	1,6%

ESPAD izvestaj suze.indd 38 07.10.2016 08:23:53

Ставови во однос на родителите и другарите

Најчесто младите се задоволни од односот на родителите кон нив (укажаната грижа и поддршка од родителите). Младите сметаат дека родителите најчесто знаат со кого и каде се нивните деца навечер. 50-60% од младите сметаат дека нивните родители секогаш или често ги поставуваат правилата за однесувањето на нивните деца во домот и надвор.

Поддршка и грижа честопати добиваат и од другарите.

Табела 7. Ставови на учениците во однос на нивните родители и другари

	Скоро секогаш	Често	Понекогаш	Ретко	Скоро никогаш
Моите родители ги поставуваат правилата за тоа што можам да правам дома	31,0%	24,2%	20,7%	13,3%	10,8%
Моите родители ги поставуваат правилата за тоа што можам да правам надвор од дома	32,4%	25,0%	18,5%	13,1%	11,0%
Моите родители знаат со кого сум навечер	66,7%	16,1%	9,1%	4,0%	4,1%
Моите родители знаат каде сум навечер	68,0%	14,9%	8,6%	4,5%	4,0%
Лесно може да добијам грижа/внимание и топлина од мајка ми/ татко ми	74,9%	14,1%	5,5%	2,4%	3,0%
Лесно може да добијам емоционална поддршка од мајка ми/ татко ми	71,7%	15,7%	7,0%	2,5%	3,2%
Лесно може да позајмам пари од мајка ми/ татко ми	67,2%	18,3%	8,8%	2,5%	3,2%
Лесно може да добијам пари како подарок од мајка ми/ татко ми	57,9%	21,9%	12,8%	4,3%	3,1%
Лесно може да добијам грижа/внимание и топлина од мојот најдобар другар	47,9%	26,8%	15,0%	6,8%	3,5%
Лесно може да добијам емоционална поддршка од мојот најдобар другар	49,6%	24,2%	15,1%	6,6%	4,5%

Младите сметаат дека нивните родители секогаш или доста често знаат каде тие ги поминуваат саботните вечери. Само 2,3% одговориле дека родителите најчесто не знаат каде се нивните деца навечер.

Табела 8. Ставови во однос на тоа колку родителите знаат каде нивните деца ги поминуваат саботните вечери

Секогаш знаат	73,8%
Доста често знаат	15,7%
Понекогаш знаат	8,2%
Обично не знаат	2,3%

ESPAD izvestaj suze.indd 39 07.10.2016 08:23:53

Младите сметаат дека е поголема пермисивноста кај мајките во однос на пијанството во споредба со користењето марихуана или екстази. Сепак, околу 2% од учениците сметаат дека на нивните мајки воопшто не би им било грижа доколку користат ПАС или се во пијана состојба од консумирање алкохол.

Табела 9. Ставови во однос на поддршката/одобрувањето на пијанство и користење дроги од страна на мајката

	Не би одобрила воопшто	Не би те поддржала	Не би и било грижа	Би одобрила	Не знам
Ако се опиеш	59,5%	20,2%	2,0%	2,8%	15,5%
Користиш марихуана	79,3%	4,4%	1,8%	1,8%	12,7%
Користиш екстази	79,9%	3,7%	1,8%	1,8%	12,8%

Слични податоци се добиени и во однос на таткото.

Табела 10. Ставови во однос на поддршката/одобрувањето на пијанство и користење дроги од страна на таткото

	Не би одобрил воопшто	Не би те поддржал	Не би му било грижа	Би одобрил	Не знам
Ако се опиеш	61,1%	16,8%	2,6%	4,0%	15,5%
Користиш марихуана	79,2%	3,9%	1,7%	2,3%	12,9%
Користиш екстази	79,5%	3,7%	1,7%	2,3%	12,8%

4,1% од учениците изјавиле дека сите нивни пријатели пушат цигари и 17,9% изјавиле дека повеќето пријатели пушат цигари.

Во однос на алкохолот, 8,9% изјавиле дека сите нивни пријатели пијат алкохол, а 3,1% од учениците одговориле дека сите пријатели се опиваат.

Во однос на користењето дроги од страна на пријателите, младите изјавиле дека околу 90% од пријателите не користат дроги. Сепак, кога станува збор за марихуаната, 16,3% изјавиле дека нивни пријатели користат марихуана.

Според учениците, 11,7% од нивните пријатели користат седативи, 6,3% користат екстази и 5,5% користат инхаланти.

ESPAD izvestaj suze.indd 40 07.10.2016 08:23:53

Табела 11. Ставови во однос на користењето ПАС од страна на пријателите

	Никој	Малкумина	Неколку	Повеќето	сите
Пушат цигари	29,6%	26,4%	21,9%	17,9%	4,1%
Пијат алкохолни пијалаци	31,6%	20,7%	17,5%	21,3%	8,9%
Се опиваат	46,9%	21,8%	17,0%	11,2%	3,1%
Пушат марихуана или хашиш (канабис)	83,7%	9,8%	4,2%	1,6%	0,7%
Користат лекови за смирување/ седативи непрепишани од лекар	88,3%	7,8%	2,5%	0,9%	0,6%
Користат екстази	93,7%	3,9%	1,4%	0,6%	0,4%
Користат инхаланти	94,5%	3,1%	1,2%	0,6%	0,6%

4.1.6. Отсуство од настава

Во текот на последниот месец, 62% од учениците се изјасниле дека биле отсутни од наставата поради болест (23% во траење од еден ден, 18% два дена, 13% три дена).

Во текот на последниот месец 21% од учениците избегале од часовите, и тоа најчесто еден ден (14%). Во последниот месец никогаш од часови не избегале 58% од учениците. Во 2012 година во Скопје бегањето од часови еден ден во последниот месец е застапено кај 18% ученици, додека 60% од учениците никогаш не избегале во последниот месец.

Графикон 1. Отсуство од настава во последниот месец



ESPAD izvestaj suze.indd 41 07.10.2016 08:23:55

4.1.7. Хоби

Шетањето со пријатели (вкупно 97%), активното занимавање со спорт (94,5%), играњето компјутерски игри (86,3%), користењето интернет (86,1%), како и излегувањето за забава во диско, кафуле, на приватни забави (86,2%) се најчесто хоби на учениците.

10,2% од учениците се изјасниле дека играле во спортска кладилница или на слот машини (најчесто неколку пати годишно - 3,6%).

Скоро секој ден се користи интернет (71,4% ученици), додека се шетаат со пријатели скоро секој ден 46,6% ученици. 43,4% акивно се бават со спорт, а компјутерски игри скоро секој ден играат 28,9%. Секојдневното активно бавење со спорт бележи пораст во споредба со резултатите од Скопје во 2012 година (40,2%).

Најчесто учениците одат навечер во дискотека или кафуле најмалку еднаш неделно (41%), а 22,2% излегуваат скоро секој ден.

Само 3,3% одговориле дека не користат интернет, додека 5,5% не се занимаваат активно со спорт и 13,8% се изјасниле дека никогаш не излегуваат навечер за забава (во дискотека, кафуле и сл.).

Најмногу ученици (26,8%) читаат читаат книги за забава 1-2 пати месечно, 25,1% неколку пати годишно, 22,1% читаат најмалку еднаш неделно, 12,4% речиси секој ден, додека воопшто не читаат 13,8% од учениците.

Графикон 2. Хоби



ESPAD izvestaj suze.indd 42 07.10.2016 08:23:55

4.1.8. Користење интернет

Во текот на последните 7 дена, интернетот најчесто се користел во сабота и недела, но исто така и во останатите денови (над 50%).

Табела 12. Денови кога се користел интернет

понеделник	вторник	среда	четврток	петок	сабота	недела
56,4%	53,4%	53,8%	52,4%	56,3%	60,2%	59,8%

Вкупно 84% од учениците користат интернет за време на викенд, додека 82,5% во работни денови. Најчесто интернетот се користи во траење од 2-3 часа дневно (22,6% за време на викенд и 25,7% во работни денови). За време на викенд 21% користат интернет над 6 часа дневно.

Табела 13. Часови на користење интернет

	30 минути или помалку	1 час	2-3 часа	4-5 часа	над 6 часа	вкупно
Типичен работен ден (понеделник-четврток)	10,9%	22,0%	25,7%	11,5%	12,3%	82,5%
Типичен ден од викенд (петок-недела)	6,8%	14,5%	22,6%	19,0%	21,0%	84,0%

Играњето игри на интернет преку кои може да се добијат пари не е популарно кај младите (84% ниту еден ден не го правеле тоа во последните 7 дена), ниту играњето игри онлајн (62,2%), и купувањето и продавањето преку интернет (59,5%). Секој ден интернетот се користи најчесто за разгледување и консултирање социјални медиуми (54,9%), читање (23,2%) и симнување спотови и филмови (22,4%).

Табела 14. Активности на интернет

	1 ден	2 дена	3	4	5	6	7
Социјални медиуми	9,5%	6,0%	6,0%	4,1%	4,7%	2,7%	54,9%
Играње игри онлајн	12,4%	6,1%	3,6%	2,6%	2,2%	1,2%	9,8%
Играње игри во кои може да се добијат пари	5,6%	2,3%	1,3%	0,9%	0,8%	0,5%	4,7%
Читање на интернет, разгледување, барање информации	15,5%	12,8%	11,6%	6,9%	6,9%	3,3%	23,2%
Симнување од интернет музика, видео, филм	18,0%	12,4%	11,3%	6,2%	6,1%	3,3%	22,4%
Барање, продавање, купување производи, игри, книги	16,3%	5,8%	4,6%	2,6%	2,0%	1,1%	8,0%

ESPAD izvestaj suze.indd 43 07.10.2016 08:23:56

И во текот на последниот месец најчесто се користи интернет заради социјалните мрежи (73,4%, од кои 22,5% во траење од над 6 часа дневно), 56,9% користеле интернет за читање и 53% за симнување спотови и филмови.

Најголемиот дел од учениците сметаат дека поминуваат премногу време на социјалните медиуми, а сметаат дека и нивните родители го мислат истото за нив. 38,8% од учениците сметаат дека недостигот на активности на социјалните медиуми доведува до лошо расположение.

Табела 15. Ставови во врска со социјалните медиуми

	Во целост се согласувам	Делумно се согласувам	Неутрален сум	Делумно не се согласувам	Во целост не се согласувам
Мислам дека поминувам премногу време на социјалните медиуми	35,8%	24,1%	16,9%	10,1%	13,1%
Лошо сум расположен кога не можам да поминам време на социјалните медиуми	20,8%	18,0%	16,8%	13,7%	30,7%
Моите родители велат дека поминувам многу време на социјалните медиуми	34,6%	17,9%	11,3%	17,9%	18,3%

Слична е состојбата во однос на користењето компјутерски игри, таблет, смартфон и други електронски уреди.

Табела 16. Ставови во врска со користењето компјутер, таблет, смартфон за забава

	Во целост се согласувам	Делумно се согласувам	Неутрален сум	Делумно не се согласувам	Во целост не се согласувам
Мислам дека поминувам премногу време на социјалните медиуми	19,8%	12,7%	13,9%	11,6%	42,0%
Лошо сум расположен кога не можам да поминам време на социјалните медиуми	14,6%	9,8%	14,3%	12,0%	49,3%
Моите родители велат дека поминувам многу време на социјалните медиуми	21,9%	11,3%	11,0%	10,9%	44,9%

ESPAD izvestaj suze.indd 44 07.10.2016 08:23:56

4.1.9. Коцкање

13,6% од учениците изјавиле дека се коцкале за пари во текот на последната година. Тоа најчесто се случувало еднаш месечно (5,8%).

Табела 17. Честота на коцкање во последните 12 месеци

Не сум се коцкал за пари во последните 12 месеци	86,4%
Еднаш месечно или помалку	5,8%
2-4 пати месечно	2,7%
2-3 пати неделно	2,2%
4-5 пати неделно	0,9%
6 или повеќе пати неделно	1,9%

Најчесто кога станува збор за коцкање се подразбира кладење во спортска кладилница (16,2% вкупно или кај 6,3% тоа се случува еднаш месечно), играње карти (10,8%), лотарија, бинго (10,3%) и играње на слот машини (4,7%).

Табела 18. Застапеност на коцкање

	Не сум ги играл овие игри	**Еднаш месечно или помалку**	**2-4 пати месечно**	**2-3 пати неделно**	**4-5 пати неделно**	**6 или повеќе пати неделно**
Слот машини (машини со овошје, нов слот)	95,3%	2,5%	1,0%	0,6%	0,1%	0,6%
Играње карти (покер, бриџ)	89,2%	6,2%	2,4%	0,8%	0,4%	1,0%
Лотарија (бинго)	89,7%	5,5%	2,6%	1,0%	0,3%	0,9%
Кладење во спортска кладилница или кладилница за животни	83,8%	6,3%	4,4%	2,5%	1,0%	2,0%

Слична е состојбата кога станува збор за коцкање преку интернет, каде кладење во спортска кладилница е застапено со 15,9%, играње карти со 12,8%, лотарија, бинго со 10,9%, и играњето на слот машини дури е и почесто застапено од реалното - 6,3%.

ESPAD izvestaj suze.indd 45 07.10.2016 08:23:56

Табела 19. Застапеност на коцкање преку интернет

	Не сум ги играл овие игри	Еднаш месечно или помалку	2-4 пати месечно	2-3 пати неделно	4-5 пати неделно	6 или повеќе пати неделно
Слот машини (машини со овошје, нов слот)	93,7%	3,5%	1,3%	0,6%	0,2%	0,7%
Играње карти (покер, бриц)	87,2%	7,7%	2,1%	1,1%	0,6%	1,3%
Лотарија (бинго)	89,1%	5,9%	2,4%	1,1%	0,4%	1,2%
Кладење во спортска кладилница или кладилница за животни	84,1%	6,5%	3,6%	2,6%	1,0%	2,2%

4.2. Употреба на психоактивни супстанци

4.2.1. Цигари

Достапност на цигари

Во однос на тоа колку е тешко да се набават цигари, 24% од учениците одговориле дека тоа е невозможно, а 38% одговориле дека е лесно/многу лесно да се набават цигари.

Табела 20. Набавка на цигари

Невозможно	573	24%
Многу тешко	147	6%
Доволно тешко	65	3%
Доволно лесно	253	11%
Многу лесно	634	27%
Не знам	683	29%

Животна преваленција на пушење цигари

38,4% од учениците се изјасниле дека пушеле цигари. Меѓу нив, најзастапена е групата кои пушеле 1-2 пати во животот (14,7%). Повеќе од 40 пати пушеле 10,7% од учениците.

ESPAD izvestaj suze.indd 46 07.10.2016 08:23:56

Графикон 3. Пушел во текот на животот



Во споредба со претходните години, се намалува бројот на лица кои користеле цигари. Во 2012 година во Скопје нивниот број изнесувал 41,9%, од кои 16,6% пушеле во 1-2 прилики, додека 12,5% пушеле во повеќе од 40 прилики.

Во 2008 година искуство со цигари имале 47,9%, од кои 15,5% во 1-2 прилики, а 14,4% во над 40 прилики.

Во 1999 година, искуство со цигарите имале 57,6%, од кои 17,1% во 1-2 прилики, а 20% во над 40 прилики.

Се бележи значително намалување на бројот на млади кои имале искуство со пушењето цигари во повеќе од 40 пати во животот (од 20% во 1999 на 10,7% во 2015 година).

Графикон 4. Искуство со пушење цигари



ESPAD izvestaj suze.indd 47 07.10.2016 08:23:58

Според полот, поголем е бројот на момчињата кои пушеле цигари во споредба со девојчињата. Тоа е особено изразено кај учениците кои пушеле во повеќе од 40 прилики во текот на животот.

Табела 21. Пушење, полова дистрибуција, животна преваленција - 2015 година

Пол	Пушеле во животот	Пушеле во над 40 прилики
машки	43,5%	13,8%
женски	33,5%	7,9%

Историски гледано, бројот на лица кои немале контакт со цигари е во континуиран пораст од 40% во 1999 година до 56,6% во 2015 година кај машките ученици и од 44,6% во 1999 година до 66,5% во 2015 година кај женските ученици. Најголем пад се бележи и кај групата ученици кои пушеле цигари во над 40 прилики: кај машките од 22,1% опаѓа на 13,8% и кај женските од 18,1% на 7,9%.

Графикон 5. Преваленција на пушење, полова дистрибуција, 1999, 2008 и 2015 година



Пушење во последниот месец

24,2% од учениците изјавиле дека пушеле во текот на последниот месец. Од нив, 1,9% пушеле над 20 цигари дневно.

ESPAD izvestaj suze.indd 48 07.10.2016 08:23:59

Графикон 6. Пушел во последните 30 дена



Во однос на половата дистрибуција, во текот на последните 30 дена поголем е бројот на машки ученици кои пушеле (27,3%) во споредба со женските (21,3%). Сигнификантно значајна е разликата во однос на над 20 испушени цигари дневно во текот на последниот месец.

Табела 22. Пушеле во последниот месец, полова дистрибуција

Пол	Пушеле во последни 30 дена	Пушеле над 20 цигари дневно
машки	27,3%	2,7%
женски	21,3%	1,0%

Во однос на претходните години, бројот на пушачи во последниот месец опаѓа од 36,9% во 1999 година на 22,9% во 2008 година, со мал пораст во 2015 година (24,1%) и со најголема застапеност на групата кои пушеле помалку од една цигара неделно (8,1% во 1999, 6,7% во 2008 и 9% во 2015 година). Во текот на последниот месец најмногу непушачи имало во 2008 година (77,1%). Во 1999 година непушачи биле 63,1%, додека во 2015 година 75,8%.

Значаен пад се бележи кај лицата кои пушеле по 1-5 цигари на ден (од 9,8% во 1999 година на 4,5% во 2015 година) и од 6-10 цигари на ден (од 7,3% во 1999 на 3,2% во 2015 година).

ESPAD izvestaj suze.indd 49 07.10.2016 08:23:59

Графикон 7. Пушење цигари во последниот месец, во 1999, 2008 и 2015 година



Според етничка припадност, во текот на последниот месец најмалку непушачи имало меѓу Бошњаците, потоа следат Ромите, Србите, Македонците, Турците, додека најмногу непушачи имало меѓу Албанците. Над 20 цигари дневно најчесто пушат Турците, Бошњаците и Ромите.

Табела 23. Број на дневно испушени цигари во текот на последниот месец според етничка структура

	Никогаш	Под 1 цигара неделно	Под 1 цигара дневно	1-5 дневно	6-10 дневно	11-20 дневно	Над 20 дневно
Македонци	74,6%	8,7%	2,4%	5,3%	3,5%	3,9%	1,5%
Албанци	79,9%	9,6%	1,9%	2,8%	1,9%	1,6%	2,3%
Турци	74,8%	10,3%	0,9%	2,8%	4,7%	2,8%	3,7%
Срби	70,6%	8,8%	0,0%	5,9%	8,8%	5,9%	0,0%
Бошњаци	48,3%	10,3%	10,3%	13,8%	3,4%	10,3%	3,4%
Роми	68,8%	3,1%	6,3%	3,1%	12,5%	3,1%	3,1%

ESPAD izvestaj suze.indd 50 07.10.2016 08:24:00

Во споредба со 2008 година намален е бројот на непушачи во последниот месец кај Македонците (77,8% во 2008, 74,6% во 2015 година), кај Србите (80,6% во 2008, 70,6% во 2015), и кај Турците (78,3% во 2008, 74,8% во 2015). Зголемен е бројот на непушачи во последниот месец кај Албанците (76,3% во 2008 година, 79,9% во 2015) и Ромите (53,3% во 2008 и 68,8% во 2015).

Возраст на испушена прва цигара

Младите најчесто ја земаат првата цигара на возраст од 15 години (14,5%). На возраст од 14 години прв пат пробале цигара 8,2% додека на 13-годишна возраст 4% од учениците. Сепак, како и во претходните години значаен е и бројот на млади кои за прв пат пушеле на возраст под 9 години (4%).

Секојдневното пушење е застапено со 0,9% на возраст под 9 години и 12 години, 0,6% на возраст од 13 години, 2,1% на 14-годишна возраст и 5% на 15-годишна возраст.

Графикон 8. Возраст на испушена прва цигара и секојдневно пушење



За споредба во 2012 година 7,3% од учениците пушеле секојдневно на возраст од 15 години.

Во 2012 година 12,3% од учениците земале цигара за прв пат на возраст од 15 години, додека во 2008 година 14,4% од учениците.

4.2.2. Алкохол

Достапност на алкохолот

Поголем е процентот на млади кои се изјасниле дека е многу лесно и доста лесно да се набави алкохол во споредба со оние кои изјавиле дека е доста тешко, многу тешко и невозможно да се набави алкохол.

ESPAD izvestaj suze.indd 51 07.10.2016 08:24:01

Табела 24. Достапност на разни видови алкохол

Вид алкохол	Невозможно	Многу тешко	Доста тешко	Доста лесно	Многу лесно	Не знам
Пиво	27%	6%	4%	16%	34%	14%
Вино	28%	7%	6%	16%	29%	16%
Жесток пијалок	33%	7%	7%	14%	23%	17%

Процентот на оние кои изјавиле дека е многу лесно да се набави алкохол е уште поголем во споредба со претходното ЕСПАД истражување кога најголем процент од учениците одговориле дека е многу лесно: пиво -32,2%; вино -25,8%; жесток пијалак - 20,8%.

Употреба на алкохол

Искуство со алкохол во животот имале 57% од учениците. 51% изјавиле дека пиеле алкохол последната година и 38% во текот на последниот месец.

Графикон 9. Консумирање на алкохол



Вкупно 57% од учениците изјавиле дека пиеле алкохол во текот на животот. Најчесто застапена е групата која користела алкохол во 1-2 прилики (13%), како и оние кои пиеле во повеќе од 40 прилики во животот (12%).

Животната преваленција на употреба на алкохол бележи континуиран пад во споредба со резултатите добиени од претходните ЕСПАД истражувања.

Табела 25. Користење алкохол во текот на животот (1999-2015 година)

Година	% на лица кои користеле алкохол во животот
1999	67,9
2008	61,6
2015	57

ESPAD izvestaj suze.indd 52 07.10.2016 08:24:02

Во ЕСПАД истражувањето реализирано на територијата на град Скопје во 2012 година, 59,8% од лицата користеле алкохол во животот.

Огромни разлики се забележуваат во однос на етничката структура на лицата кои воопшто не пиеле алкохол. Најголем е процентот на ученици Албанци кои изјавиле дека никогаш не пиеле алкохол во животот (86,3%), додека најмал е процентот кај Македонците (18,8%). Ова води кон заклучокот дека влијанието на семејните, супкултурните и религиозни аспекти имаат значајно влијание во однос на пиењето алкохол.

Табела 26. Ученици кои изјавиле дека никогаш не пиеле алкохол во животот, етничка структура, 2015

Македонци	Албанци	Турци	Срби	Бошњаци	Роми
18,8%	86,3%	70,9%	16,1%	60,0%	48,3%

Во споредба со претходите години, најголем пораст на бројот на лица кои не консумирале алкохол се бележи кај Ромите.

Табела 27. Ученици кои изјавиле дека никогаш не пиеле алкохол во животот, етничка структура, за периодот 1999-2015 година

Година	Македонци	Албанци	Турци	Роми
1999	19,8%	77,2%	75,8%	26,3%
2008	23,7%	72,7%	67,4%	17,2%
2015	18,8%	86,3%	70,9%	48,3%

Во 2012 година во Скопје 19% од Македонците и 73,8% од Албанците се изјасниле дека никогаш не пиеле алкохол во животот.

Во текот на последната година 48,9% од учениците изјавиле дека не консумирале алкохол. Бројот на лица кои не консумирале алкохол во последната година е во пораст (42,9% во 1999 година, 46% во 2008 година, 49% во 2012 година).

Во последниот месец од 2015 година алкохол не консумирале 61,9% од учениците. Резултатите за оние кои не пиеле во последниот месец се речиси идентични со претходните години (63,9% во 1999 г., 60,9% во 2008 г., 62% во 2012 г., 61,9% во 2015 г.).

Алкохол не консумирале во последниот месец од 2015 година 55% од машките и 68,4% од женските ученици. Најголем процент ученици кои не пиеле алкохол во последниот месец е забележан меѓу Албанците (95,7%), додека најнизок е процентот кај Македонците (42%), односно постои огромна разлика.

ESPAD izvestaj suze.indd 53 07.10.2016 08:24:02

За период од 15 години, значајно е намален бројот на лица од македонска националност кои не пиеле алкохол (од 42% во 1999 г. на 54% во 2015 г.), додека значајно е зголемен процентот на Роми кои не пиеле (63% во 1999 г. и 79% во 2015 г.).

Табела 28. Ученици кои не консумирале алкохол во последниот месец во 1999 и 2015 година

Година	Македонци	Албанци	Турци	Роми
1999	54,1%	88,2%	85%	63,1%
2015	42,0%	95,7%	88,6%	79,3%

Во последниот месец, најчесто употребуван алкохол е пивото, кое го консумирале 36% од учениците во 2015 година (35,9% во 1999 г., 40,6% ученици во 2012 г.).

Во споредба со претходните години опаднат е процентот на ученици кои пиеле вино последниот месец (од 31,5% во 1999 г., 30,4% во 2012 г. и 28% во 2015 г.), додека стагнира процентот на ученици кои користеле жесток пијалак (се консумирал од 29,7% од учениците во 1999 г., 27,2% во 2012 г. и 28% во 2015 г.).

Табела 29. Најчесто употребуван алкохол во последниот месец, 2015 година

	0	1-2 пати	3-5	6-9	10-19	20-39	над 40	Вкупно пиеле
Пиво	64%	17%	7%	5%	3%	2%	2%	36%
Вино	72%	15%	6%	3%	2%	1%	1%	28%
Жесток пијалок	72%	14%	6%	4%	3%	1%	1%	28%

Загрижува бројот на млади кои пиеле алкохол во текот на последната недела со тенденција на пораст во споредба со претходните години (24% во 2015 г., 22,7% во 2012 г.).

Табела 30. Последен ден кога пиел алкохол, 2015 година

Никогаш не пијам алкохол	41%
пред 1-7 дена	24%
пред 8-14 дена	8%
пред 15-30 дена	8%
Пред 1 месец до 1 година	13%
Пред повеќе од 1 година	6%

Најчесто користен пијалак последниот ден кога учениците пиеле алкохол е пивото, потоа следат виното и жестокиот пијалак.

ESPAD izvestaj suze.indd 54 07.10.2016 08:24:02

Последниот ден кога пиеле алкохол, 57% од учениците не покажувале знаци на пијанство, додека на скала од 1-10, 2% биле премногу пијани.

Табела 31. Скала на пијанство, последен ден кога пиеле алкохол

1	2	3	4	5	6	7	8	9	10
57%	11%	9%	7%	5%	3%	4%	2%	1%	2%

Она што особено загрижува е пиењето повеќе алкохолни пијалаци наеднаш (во една прилика) во текот на последниот месец, присутно кај 26% од учениците, од кои кај 2,1% тоа се случило повеќе од 10 пати во текот на месецот!

Една четвртина ученици во последниот месец консумирале над 5 пијалаци наеднаш, и тоа од 1-5 пати во месецот.

Графикон 10. Испил 5 или повеќе алкохолни пијалоци наеднаш последниот месец



Процентот на екстремно високи количини испиен алкохол последниот ден кога се пиело алкохол се се движат од 12% (1-2 l) кај пивото, 7% (410-740 ml) кај виното и 19% (над 160 мл) кај жестокиот алкохол.

Табела 32. Количество испиено пиво последниот ден кога пиел алкохол (од оние кои пиеле пиво последниот ден)

<0,5 l	0,5-1l	1,01-2 l	пнад 2l
55%	24%	10%	12%

ESPAD izvestaj suze.indd 55 07.10.2016 08:24:03

Табела 33. Количество испиено вино последниот ден кога пиел алкохол (од оние кои пиеле вино последниот ден)

<200 ml	200-400 ml	410-740 ml	>740 ml
34%	13%	4%	3%

Табела 34. Количество испиено жесток пијалак последниот ден кога пиел алкохол (од оние кои пиеле жесток пијалак последниот ден)

<80 ml	80-150 ml	160-240 ml	>240 ml
60%	21%	9%	10%

22% од учениците изјавиле дека биле во ситуација на прекумерна опијанетост во текот на животот, од кои на 2,2% тоа им се случило повеќе од 10 пати во животот, додека најзастапена е групата која била прекумерно пијана во 1-2 прилики (14,1%). Во последната година прекумерно пијани биле 15,9%, додека кај 7,6 % тоа им се случило последниот месец. Во последниот месец многу повеќе биле прекумено опиени машките (28%) во споредба со женските ученици (6%).

Во споредба со претходните истражувања (од 2008 и 2012 година) се бележи надолен тренд - се намалува бројот на лица кои биле прекумерно пијани.

Табела 35. Прекумерно опиени

	2008	2012	2015
во животот	30,9%	28,4%	22%
во последни 12 месеци	23,2%	19,6%	15,9%
во последни 30 дена	12,2%	9%	7,6%

Возраста на првото консумирање алкохол прогресивно расте со возраста на учениците, со најчеста застапеност на 15 и 14 години. Дел од учениците на возраст под 9 години за прв пат пиеле пиво (9%), вино (6%) и жесток пијалак (3%).

ESPAD izvestaj suze.indd 56 07.10.2016 08:24:03

Графикон 11. Возраст на прво консумирање алкохол



Во текот на последната година, под дејство на алкохол 21% од младите возеле моторно возило, 14% учествувале во тепачка и имале повреда или несреќа. 11% имале секс без користење заштита (огромен пораст во однос на 2012 година кога биле регистрирани 6,2%), додека 4% биле жртва на несакан секс.

Табела 36. Проблематични искуства поврзани со пиење алкохол во последните 12 месеци

Тепачка (физичка борба)	14%
Несреќа или повреда	14%
Оштетени или загубени предмети или облека	16%
Бил/а жртва на кражба	7%
Приблеми со полиција	6%
Поради пијанство/ труење од алкохол бил/а во болница	2%
Поради несреќа или повреда бил/а во болница или брза помош	6%
Имал/а сексуален однос без да користи заштита (кондом)	11%
Бил/а жртва на несакан секс	4%
Намерно се повредил/а себеси	6%
Возел/а мопед, кола или друго моторно возило	21%
Додека возел/а бил/а вмешан/а во несреќа	5%

Учениците се соочиле со некаков проблем или несреќа поради опивањето на други лица. Во последните 12 месеци, над 6% ученици биле превезувани од блиско лице, како и од пријател кој е под дејство на алкохол. Над 6% ученици биле малтретирани на забава од пријател кој бил под дејство на алкохол, додека 12% биле малтретирани на улица од непознато лице под дејство на алкохол.

ESPAD izvestaj suze.indd 57 07.10.2016 08:24:04

Табела 37. Проблеми поврзани со опивањето на некој друг во последните 12 месеци

	да, од непознат	да, од пријател	да, од близок
Дали некој што пиел те малтретирал или ти досадувал на некоја забава?	6,2%	6,3%	2,1%
Дали некој што пиел те малтретирал или ти досадувал на улица?	12,1%	2,4%	0,5%
Дали некој што пиел физички те нападнал?	3,2%	1,2%	0,8%
Дали некој што пиел ти ја уништил облеката или нешто друго што е твое?	5,1%	4,9%	1,6%
Дали некој што пиел бил одговорен за сообраќајна несреќа во која си бил и ти присутен?	2,1%	0,6%	0,7%
Дали си патувал со возач кој испил премногу алкохол?	2,8%	6,6%	6,2%
Дали некој што пиел те исплашил кога ти наишол на улица?	27,3%	2,1%	0,9%

23,7% од учениците изјавиле дека имаат некој близок кој прекумерно пие алкохол, додека 8,7% имале проблеми поради прекумерното пиење на некој свој близок.

4.2.3. Енергетски пијалоци

Значителен е бројот на млади кои користеле енергетски пијалоци: 60% животна преваленца, 43,3% во текот на последната година и значителни 29,5% во последниот месец. Кај 30% енергетскиот пијалок е зеден на возраст пред 1 година.

Табела 38. Користеле енергетски пијалоци

	0	1-2 пати	3-5	6-9	10-19	20-39	40+	Вкупно користеле
Во животот	39,9%	21,2%	10,7%	6,4%	7,5%	4,4%	9,9%	60,1%
Во последни 12 месеци	56,7%	17,9%	7,9%	6,5%	4,8%	2,8%	3,4%	43,3%
Во последни 30 дена	70,5%	13,8%	5,9%	3,8%	2,9%	0,9%	2,2%	29,5%

Сепак помал е бројот на млади кои пиеле енергетски пијалак заедно со алкохол.

ESPAD izvestaj suze.indd 58 07.10.2016 08:24:04

Табела 39. Користеле енергетски пијалаци заедно со алкохол

	0	1-2 пати	3-5	6-9	10-19	20-39	40+	Вкупно користеле
Во животот	84,1%	7,6%	3,3%	1,7%	1,1%	0,5%	1,5%	15,9%
Во последни 12 месеци	89,0%	5,8%	2,2%	1,2%	0,6%	0,3%	0,7%	11,0%
Во последни 30 дена	92,5%	4,1%	1,4%	0,7%	0,6%	0,1%	0,7%	7,5%

4.2.4. Седативи/транквилизери

11,7% од учениците изјавиле дека користеле лекови за смирување, препишани од доктор (9,5% за период под 3 недели и 2,2% за период поголем од 3 недели).

Табела 40. Користени седативи препишани од доктор, 2008 и 2015 година

	2008	2015
Седативи препишани од доктор за период помал од 3 недели	10,1%	9,5%
Седативи препишани од доктор за период поголем од 3 недели	2,1%	2,2%

Во 2012 година во Скопје 6,6% од учениците изјавиле дека користеле седативи препишани од доктор за период помал од 3 недели и 2,5% користеле седативи препишани од доктор за период над 3 недели.

11,1% од учениците изјавиле дека користеле лекови за смирување непрепишани од доктор, од кои 8,9% користеле 1-5 пати во животот.

Графикон 12. Земал седативи непрепишани од доктор



ESPAD izvestaj suze.indd 59 07.10.2016 08:24:05

Земањето седативи непрепишани од доктор бележи значителен пораст во споредба со претходните години кога е вршено ЕСПАД истражувањето (од 6,8% во 1999 година на 11,1% во 2015 година).

Табела 41. Земале седативи непрепишани од доктор, 1999, 2008 и 2015 година

	1999	2008	2015
1-2	4,6%	6%	6,90%
3-5	0,9%	1,60%	2%
6-9	0,5%	0,90%	0,80%
10-19	0,2%	0,40%	0,50%
20-39	0,2%	0,20%	0,50%
40+	0,4%	0%	0,40%
Вкупно	6,8%	9,1%	11,1%

Земањето седативи е повеќе застапено кај женските ученици (13,3%) во споредба со машките (8,7%). Според етничка припадност, седативите се најчесто користени од Ромите, Србите и Македонците.

Табела 42. Земале седативи непрепишани од доктор во текот на животот, етничка припадност

Македонци	Албанци	Турци	Срби	Роми
11,9%	8,8%	9,3%	14,7%	18,8%

4.2.5. Други психоактивни супстанции

Во однос на достапноста на дрогата, учениците одговориле дека доста лесно и многу лесно може да се набави екстази (7%); кокаин (6%); хероин, амфетамин и метамфетамин (5%) и крек (4%).

Марихуана

На прашањето колку би било тешко да се набави марихуана/хашиш, 7% одговориле дека е тоа многу лесно и 7% дека е доста лесно. 54% одговориле дека е невозможно да се набави марихуана.

ESPAD izvestaj suze.indd 60 07.10.2016 08:24:05

Табела 43. Степен на тежина во обезбедување марихуана

Невозможно е	Многу тешко	Доста тешко	Доста лесно	Многу лесно	Не знам
54%	6%	4%	7%	7%	23%

Во споредба со 2012 година, намален е бројот на ученици кои сметаат дека е многу тешко да се набави марихуана (11% во 2012 година, 6% во 2015 година).

Вкупно 5% од учениците одговориле дека користеле марихуана во текот на животот, 3,9% во текот на последната година и 2,2% во последниот месец. Најчесто е застапена групата кои пробале марихуана 1-2 пати.

Табела 44. Користеле марихуана

	0	1-2	3-5	6-9	10-19	20-39	40+	Вкупно
Во животот	95,0%	2,6%	0,6%	0,5%	0,4%	0,4%	0,5%	5,0%
Во последни 12 месеци	96,1%	2,3%	0,5%	0,4%	0,2%	0,2%	0,2%	3,9%
Во последни 30 дена	97,8%	1,1%	0,4%	0,1%	0,2%	0,1%	0,3%	2,2%

Во однос на половата дистрибуција, кај животната преваленција, марихуаната е почесто застапена кај машките (7,5%) отколку кај женските ученици (2,7%).

Според градови, најмногу ја има во Скопје (49 ученици), Гостивар (17), Штип и Тетово (8), Куманово (7) и Струмица (5).

Во однос на етничката структура, марихуаната најчесто ја користат Србите, потоа следат Турците, Македонците, Албанците и Ромите.

Табела 45. Етничка структура на учениците кои изјавиле дека земале марихуана во животот

Македонци	Албанци	Турци	Срби	Роми
5,1%	4,2%	5,6%	8,8%	3,2%

Најчесто марихуаната за прв пат се зема на возраст од 15 години (2,6%). Интересно е што 0,6% од учениците изјавиле дека за прв пат пробале марихуана на возраст под 9 години.

Табела 46. Возраст на прва употреба на марихуана

под 9	10	11	12	13	14	15
0,6%	0,1%	0,0%	0,7%	1,0%	0%	2,6%

ESPAD izvestaj suze.indd 61 07.10.2016 08:24:05

19,7% од учениците изјавиле дека биле во ситуација да им биде понудено марихуана и да одбијат. За разлика од ова, на прашањето колку пати им било понудено марихуана, вкупно 27,7% одговориле дека им било понудено марихуана. Притоа најчесто им било понудено во 1-2 прилики (20,4%), или во 3-5 прилики (3,6%). Над 10 пати им било понудено марихуана на 2,2% од учениците.

Само за споредба, во 2012 година 12,3% од учениците изјавиле дека им било понудено марихуана без да пробаат (а во 2008 година овој процент изнесувал 9,6%). На прашањето, пак, колку пати им било понудено без да пробаат марихуана во 2012 година овој процент изнесувал 23,6%. Тоа говори дека се зголемува достапноста на марихуаната.

Во однос на претходните години, се забележува стагнација на бројот на ученици кои изјавиле дека користеле марихуана. Највисок процент се бележи во Скопје во 2008 година кога животната преваленција изнесувала 10,4%, додека во 2012 година таа изнесувала 8,7%.

Табела 47. Користеле марихуана, 1999, 2008 и 2015 година

	1999	2008	2015
во текот на животот	4,5%	5,5%	5,0%
во последните 12 месеци	2,3%	4,3%	3,9%
во последните 30 дена	1,3%	2,2%	2,2%

Во Скопје во 2012 година 8,7% од учениците изјавиле дека користеле марихуана во текот на животот, 6,7% во последните 12 месеци и 3,9% во последните 30 дена.

Стимулатори на ЦНС

Од групата стимулатори на ЦНС, најчесто употребувана дрога е екстази, потоа следат кокаин, амфетамин, метамфетамин и крек.

Табела 48. Користена дрога во текот на животот и во последните 12 месеци

	во текот на животот	последната година
Екстази	2,1%	1,7%
амфетамин	1,4%	1,4%
метамфетамин	1,1%	1,0%
Кокаин	1,5%	1,2%
Крек	0,9%	0,9%

ESPAD izvestaj suze.indd 62 07.10.2016 08:24:05

Екстази

2,1% од учениците одговориле дека имаат користено екстази во текот на животот, од кои на 1,1% тоа им се случило 1-2 пати во животот. Во текот на последната година 1,7% од учениците изјавиле дека имаат користено екстази.

За споредба со резултатите од претходните ЕСПАД истражувања: во 1999 година 1,1% од учениците изјавиле дека имаат користено екстази во текот на животот, во 2008 година 3,2% и во 2012 година (Скопје) 3,7% од испитаниците изјавиле дека имаат користено екстази во текот на животот. Искуство со екстази во последната година имале 2,1% во 2008 година и 1,6% во 2012 година (Скопје).

Инхаланти

Инхалантите се застапени со 1,9% кај животната преваленција и 1,4% во текот на последните 12 месеци, со најголема застапеност на лицата кои користеле инхаланти во 1-2 прилики.

Табела 49. Употреба на инхаланти во текот на животот, последната година и последниот месец

	1-2	3-5	6-9	10-19	20-39	40+	Вкупно користеле
Во текот на животот	1,2%	0,4%	0,1%	0,1%	0,2%	0,0%	1,9%
Во последните 12 месеци	0,9%	0,2%	0,1%	0,1%	0,1%	0,0%	1,4%
Во последните 30 дена	0,5%	0,2%	0,2%	0,0%	0,1%	0,1%	1,2%

За споредба со резултатите од претходните ЕСПАД истражувања, се бележи благо опаѓање кај животната преваленција, и стагнација во однос на користењето инхаланти во текот на последната година. Во 2008 година 2,1% од учениците изјавиле дека имаат користено инхаланти во текот на животот и 2,2% во 2012 година (Скопје). Искуство со инхаланти во последната година имале 1,5% во 2008 година и 1,5% во 2012 година (Скопје).

Останати психоактивни супстанции

Бројот на лица кои користеле други видови дроги се движи од 0,6% за магични печурки и анаболични стероиди, 0,9% за ЛСД и хероин. Но, доколку се земе предвид дека 0,8% од учениците одговориле дека земале дрога што не постои (релевин), се доведува во прашање точноста на податоците за употреба на овие видови дрога.

Алкохолот се зема со таблети од 2,1% од учениците, со аналгетици од 2,8%, додека аналгетици биле земени од 4,2% од учениците.

ESPAD izvestaj suze.indd 63 07.10.2016 08:24:05

Табела 50. Употреба на дроги во текот на животот

	вкупно
Релевин (непостоечка дрога)	0,8%
ЛСД или друга халуциногена дрога	0,9%
Хероин	0,9%
Магични печурки	0,6%
ГХБ	0,7%
Анаболични стероиди	0,6%
Дроги што се користат со игла/шприц	0,8%
Алкохол заедно со таблети (лекови) за да бидеш „ХАЈ“	2,1%
Лекови против болка (аналгетик) за да бидеш „ХАЈ“	4,2%
Алкохол и лекови против болка	2,8%

Ако се споредат овие резултати со резултатите од претходните ЕСПАД истражувања, употребата на хероинот, ЛСД, како и анаболичните стероиди е во стагнација. Пораст се бележи кај употребата на кокаин во периодот од 2008 до 2015 година, додека опаѓа бројот на лица кои пријавиле употреба на магични печурки.

Табела 51. Споредбени резултати за вкупна употреба на дроги (животна преваленција) во 1999, 2008, 2012 (Скопје) и 2015 година (%)

ПАС	1999	2008	2015	2012 (Скопје)
Амфетамин	0,4	1,7	1,4	1
ЛСД	0,6	0,8	0,9	0,8
Кокаин	1,3	0,9	1,5	0,9
Крек	0,4	0,7	0,9	0,9
Релевин (непостоечка дрога)	0,1	0,6	0,8	0,8
Хероин	0,9	0,8	0,9	0,9
Магични печурки	0,4	1,2	0,6	0,7
ГХБ	--	0,6	0,7	0,9
Анаболични стероиди	0,6	0,9	0,6	0,5
Дроги со инјектирање	0,4	0,9	0,8	0,6
Алкохол со таблети	3,7	1,9	2,1	1,4

ESPAD izvestaj suze.indd 64 07.10.2016 08:24:06

3,7% од учениците одговориле дека користеле нови супстанции кои го имитираат ефектот на илегалните дроги. 2% од учениците изјавиле дека супстанцијата е растителна мешавина што се пуши, кај 1,4% супстанцијата била во форма на прашок, кристал или таблета и кај 0,9% била течност.

Возраст кога за првпат е употребена ПАС

Во однос на возраста кога за првпат е употребена ПАС се забележува пораст, почнувајќи од 14 година, при што највисоки фреквенции се бележат на возраст од 15 години кај употребата на алкохол со таблети и амфетамин/метамфетамин.

Сепак, најчеста е употребата на седативи, кај кои високи фреквенции се бележат и кај групата до 9 години, додека на возраст од 15 години веќе 2,8% користеле седативи за прв пат.

Графикон 13. Возраст кога за првпат е употребена ПАС



4.3. Ставови во однос на ризик од употреба на супстанции

Учениците најчесто сметаат дека не постои никаков ризик или ризикот е мал ако се пуши цигари одвреме-навреме (41,7%), пушењето цигари повеќе од 1 пакување дневно (15,8%), користењето 1-2 алкохолни пијалаци речиси секој ден (25,8%), земањето над 5 пијалаци наеднаш скоро секој викенд (12,3%), пробањето марихуана 1-2 пати (18%), пушењето марихуана одвреме-навреме (14,8%) и пробањето екстази (11%). Над 70% од младите сметаат дека е умерен и голем ризик земањето 4-5 алкохолни пијалаци скоро секој ден (77,9%), пушењето над 1 кутија цигари дневно (76,1%), земањето над 5 пијалаци скоро секој ден (75,1%), редовното пушење марихуана (75,8%), земањето екстази редовно (72,6%) и амфетамин редовно (70,5%).

ESPAD izvestaj suze.indd 65 07.10.2016 08:24:06

Табела 52. Ставови во врска со ризикот од употреба на супстанции

	Нема ризик	Мал ризик	Умерен ризик	Голем ризик	Не знам
Пушат повремено цигари	14,3%	27,4%	26,0%	22,7%	9,6%
Пушат цигари една кутија или повеќе, дневно	6,9%	9,0%	21,8%	54,4%	8,0%
Земаат еден или два алкохолни пијалаци скоро секој ден	10,2%	15,6%	26,3%	36,6%	11,3%
Земаат 4-5 алкохолни пијалаци скоро секој ден	5,6%	5,4%	18,3%	59,6%	11,1%
